# МЕТОДИ И ПРИСТАПИ ЗА РАЗРАБОТКА НА КОНТРОВЕРЗНИ ПРАШАЊА ВО НАСТАВАТА ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Прирачник за наставници





Автор:
Деспина Стојановска


29 Октомври 2021


Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

# МЕТОДИ И ПРИСТАПИ ЗА РАЗРАБОТКА НА КОНТРОВЕРЗНИ ПРАШАЊА ВО НАСТАВАТА ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

## Прирачник за наставници

**Деспина Стојановска**
29 Октомври 2021

Совет на Европа

Овој прирачник е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија и Советот на Европа. Тука споделените гледишта не треба да се смета дека се официјално мислење на ниту една од двете страни.

Печатењето и репродукцијата на примероци (до 500 зборови) е дозволена, освен за комерцијални цели се додека интегритетот на текстот е сочуван, примерокот не е користен надвор од контекст, не прикажува некомплетни информации или погрешно го наведува читачот за природата, опфатот и содржината на текстот. Изворот на текстот мора секогаш да биде наведен на следниот начин „© Совет на Европа, 2021 година”. Сите други барања поврзани за репродукција/превод на целиот или делови од документот мора да бидат адресирани до директоратот за комуникации, Совет на Европа (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Сите други барање поврзани со оваа публикација мора да бидат адресирани до одделот за образование на Советот на Европа.

Оддел за образование
Совет на Европа
Agora Building
1, Quai Jacoutot
67075 Strasbourg Cedex
France
Е-мејл: education@coe.int

Автор: Деспина Стојановска
Слика на корица: freepik.com
Дизајн на корица и изглед: Дамјан Канзуров
Фотографии: freepik.com

ISBN 978-608-66566-9-0
© Совет на Европа, октомври 2021. Сите права се задржани. Лиценцирано под услови од Европската Унија.

Издавач:
Институт за човекови права

За издавачот:
Маргарита Цаца Николовска

Уредник:
Марија Чекреџи

Лектура:
Татјана Стојановска

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

373.3/.5.035:304.2(035)
373.3/.5.091.3(035)

СТОЈАНОВСКА, Деспина
Методи и пристапи за разработка на контроверзни прашања во наставата за основно и средно образование: прирачник за наставници / Деспина Стојановска. - Скопје : Институт за човекови права, 2021

Начин на пристапување (URL): https://www.ihr.org.mk. - Текст во PDF формат, содржи 63 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 11.10.2021. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 63

ISBN 978-608-66566-9-0

а) Основно образование -- Општествени прашања -- Наставни методи -- Прирачници б) Средно образование -- Општествени прашања -- Наставни методи -- Прирачници

COBISS.MK-ID 55463685

# Содржина


**ВОВЕД** 5

**ДЕЛ 1 – ТЕОРЕТСКА ЗАДИНА** 6

**Поглавје 1**: Контроверзно прашање – поим и значење 6

**Поглавје 2**: Предизвици и придобивки од наставата за контроверзни прашања 8

**Поглавје 3**: Улогата на наставникот во подучувањето за контроверзни прашања 13

**Поглавје 4**: Создавање безбедна клима во училницата за разработка на контроверзно прашање 15

**Поглавје 5**: Поддршка на емоционалниот развој на учениците 18

**ДЕЛ 2 – МЕТОДИ И АКТИВНОСТИ ЗА ПОДУЧУВАЊЕ ЗА КОНТРОВЕРЗНИ ПРАШАЊА** 20

**Поглавје 6:** Планирање на часот 20

**Поглавје 7:** Учење преку истражување 21

**Поглавје 8**: Методи и активности за подучување за контроверзни прашања прашања 23

- ▶ Дебата 23
  - ▷ Брза дебата 23
  - ▷ Континуум на ставови 24
  - ▷ Дебата со движење 24
- ▶ Играње улоги 25
- ▶ Рангирање со картички 25
- ▶ Рангирање „дијамант“ 25
- ▶ Табла за графити 26
- ▶ Размислување во парови и споделување 26
- ▶ Мисловни мапи 27
- ▶ Разгледајте ги сите фактори 27
- ▶ Заемно оценување на учениците 28
- ▶ Ротирање „Бури на идеи“ 28
- ▶ Сложувалка 29
- ▶ Менување на перспективите 29
- ▶ Дистанцирање 30
- ▶ Предавање на контроверзни прашања преку приказни 30
- ▶ Чевлите на другите луѓе 31

**ДЕЛ 3 – НАСТАВНИ ПЛАНОВИ** 32

**Поглавје 9:** Примери од добри практики на реализирани часови со контроверзно прашање 32

- ▶ Родовата еднаквост помеѓу момчињата и девојчињата 32
- ▶ Етичност, вредност, хуманост 37
- ▶ Фер и еднаков живот на момчињата и девојчињата 42
- ▶ Воведување на смртната казна 48
- ▶ Посетата на психолог како вообичаена пракса 51
- ▶ Сексуално образование во училиштата 53
- ▶ Невработеност на младите 56

**ЗАКЛУЧОК** 62

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** 63

# Вовед

Почитувани наставници,

Пред вас го имате Прирачникот на добри практики, со методи и пристапи за разработка на контроверзни прашања во наставата за основно и средно образование, кој ќе ве охрабри и ќе ве поттикне да градите нови стилови, нови насоки и нови вештини во работата со вашите ученици, на теми кои за нив се актуелни, а пред сè, на теми кои будат силни емоционални реакции.

Контроверзните прашања за вас не се новина. Вие секојдневно се среќавате со различни коментари од учениците за кои се двоумите на кој начин и дали воопшто да одговорите и да отворите дискусија. Токму во тие ситуации овој прирачник ќе ви овозможи да се справите со предизвиците и доследно да го уважите прашањето или размислувањето на ученикот.

Една од карактеристиките на контроверзните прашања е што учениците најчесто ќе имаат поделени мислења околу истите. Имено, за да им помогнете да градат позитивен вредносен систем и да ги развиваат компетенциите за демократска култура, потребно е да се задржите на овој процес и да посветите време, кое за нив ќе биде драгоцено и од големо искуство.

Учењето како да се вклучиме во дијалог со луѓе чии вредности се разликуваат од нашите и да ги почитуваме е од клучно значење за демократскиот процес, неопходно за заштита и зајакнување на демократијата и за негување на културата за човековите права. Сепак, младите луѓе честопати немаат можност да дискутираат за контроверзни прашања на училиште, бидејќи истите претставуваат преголеми предизвици за предавање, на пример, за прашања од типот родово насилство, злоупотреба на деца или сексуална ориентација. Во неможност да ги искажат своите грижи, несвесни за туѓите чувства, или препуштени да се потпираат на пријателите и на социјалните медиуми за информациите што ги интересираат, младите луѓе можат да бидат фрустрирани или збунети за некои од најзначајните прашања што имаат влијание врз нивните заедници и денешното европско општество. Поради недостаток на помош од училиштето, може да се случи да немаат сигурни средства за конструктивно справување со ваквите прашања и да нема кој да ги насочи. Токму поради тоа произлезе идејата за конструирање на овој прирачник, кој вам ќе ви помогне за полесно снаоѓање со ваквите состојби, прирачник кој ќе послужи за ваше поефективно обучување за предавање и давање одговори на контроверзни прашања.

Ви посакуваме со успех и задоволство да отворате нов прозорец и да градите стабилни вредности во воспитувањето на учениците и во нивното созревање, користејќи ги насоките и методите кои ќе ги најдете во овој прирачник.

# Дел 1
# Теоретска заднина

Теоретската заднина е основа која треба да ја совладате за успешно да се справите со подучувањето за контроверзни теми. Во неа се опфатени најзначајните постулати и најважните елементи кои ќе ве охрабрат да се впуштите во предизвикот. Познавајќи ги суштинските потреби од воведувањето на контроверзните прашања во наставата, ќе добиете целосна претстава за нивната важност во воспитувањето и развојот на децата и за развивањето на компетенциите за демократска култура. Теоретската основа ќе ви овозможи поголема сигурност во креирањето на часот и во справувањето со сите предизвици кои може да се појават за време на истиот.

## Поглавје 1
## Контроверзно прашање – поим и значење

За да ве воведеме во пимот и значењето на контроверзните прашања, најнапред ќе се задржиме на нивните специфичности. Тие по својата форма се сложени, отвораат различни перспективи на размислување и најчесто се пратени со емоционална реакција кај лицата кои ги дискутираат. Воведувањето во наставата на контроверзната тема нема за цел да доведе до едначење на размислувањата и ставовите, туку да ги поттикне младите да градат нови вредности, кои ќе имаат ефект врз целиот живот . Оттука, контроверзните прашања се сметаат за значајни, но истовремено тие се и проследени со голем предизвик за обработка, токму поради тие специфики.

Карактеристиките што ги содржат се однесуваат на нивната сложеност.

Вообичаено, контроверзните прашања:

- прават продлабочена поделеност во средината, општеството;
- предизвикуваат силни емоции;
- генерираат конфликтни аргументи и дебати;
- имаат натпеварувачки карактер;
- поттикнуваат голем интерес кај јавноста;
- може да бидат политички сензитивни.

Дефиницијата којашто се покажа како најкорисна, бидејќи ги истакнува двете најзначајни специфики, е онаа која „контроверзните прашања“ ги дефинира како: **„прашања коишто предизвикуваат силни чувства и доведуваат до поделени мислења во заедниците и општеството.“**

Контроверзноста на некоја тема не можеме да кажеме дека е универзална и постојана. Таа има тенденција да варира, поради повеќе фактори. Некои прашања може да се контроверзни на локално ниво и да засегаат само одредена група луѓе или општество, како на пример прашањето за легализација на марихуаната, додека некои се глобални, како што е влијанието на човечкиот фактор врз климатските промени. Одредени контроверзни прашања го одржуваат својот интензитет во долг временски период, на пример истополовата сексуална ори-

ентација, а други се скорешни и со краток дострел, како што е воведувањето рестриктивни мерки за лицата кои не се вакцинирани против Ковид 19.

Потенцијалот на контроверзното прашање, исто така, варира, во зависност од местото и времето. Во некој перод речиси секоја тема може да биде контроверзна, а секојдневно можат да се појавуваат нови и различни контроверзи.

Перспективата низ која го разгледуваме контроверзното прашање може да биде различна. За секоја од нив е значајно да се размисли каков е ефектот на прашањето врз поделеноста на луѓето. Општествената перспектива се однесува на оние прашања кои се од јавен интерес и дали за истите постои законска регулатива. Во приватната перспектива ги сместуваме оние кои се поврзани со личните определби на луѓето, како што се религиозните убедувања, информираноста, погледот кон другите луѓе кои лицата го имаат и го градат, и слично. Социјалната перспектива најмногу се задржува на влијанието на контроверзното прашање врз поединците, групите и заедниците, односно, дали ги нарушува човековите права или дискриминира некоја група. Понатаму, моралната и етичката перспектива ги разгледуваат ризиците и влијанието врз здравјето, благосостојбата и животот на луѓет, како и компромитираноста поради одредени бенефити, како што е финансискиот.

Контроверзните прашања по природа се многу значајни прашања во животот на луѓето во рамки на едно општество. Учењето за нив треба да биде дел од редовното образование на секој млад човек, бидејќи дебатата низ која се обработуваат е дел од демократскиот процес и им помага на младите да развијат дел од суштинските компетенции на демократското граѓанство, како што се отвореност, љубопитност, подготвеност да се разбере другиот, толеранција и вештини за демократска дебата и мирно решавање на конфликтите. Ваквите компетенции, кои се градат додека младите се во процес на созревање, ќе остават траен белег врз нивната личност.

Младите луѓе секојдневно се изложени на информации со контроверзни теми преку употребата на современи интернет технологии за комуникација. Потребна им е помош, за да можат да ги сфатат, да ги обработат и соодветно да се справат со нив, без да имаат негативни последици. Медиумите пак, често презентираат контроверзни прашања на нецелосни и погрешни начини. Семејствата не се секогаш подготвени да дискутираат на контроверзни теми или да градат систем во кој сите се согласуваат со мислењето на другите членови, па оттука и младите се очекува да прифатат готови обрасци на туѓо размислување, за да останат лојални на семејните ставови. Во ваков контекст, може да кажеме дека училиштето е најсоодветно место кое треба да се погрижи младите да стекнат балансирано сфаќање за прашањата што имаат потенцијал да направат промена во нивните животи.

Постојано се појавуваат нови контроверзи, и без разлика на темата што е актуелна, учењето за нив помага младите да бидат подобро подготвени да се справат со нив и во иднина. Целта е до нив да се доближи процесот, а не содржината на самото прашање.

Истражувањето за контроверзните прашања бара критичко размислување и аналитички вештини. Тоа им помага на младите да научат како да ги формираат и користат доказите, да откријат пристрасност и да донесат пресуди врз основа на разум и аргументи.

Подучувањето за контроверзни прашања може да даде позитивен придонес за личниот и емоционалниот развој, а тоа на младите ќе им помогне да ги разберат своите емоции и да ги разјаснат своите вредности, да станат подобри ученици и посамоуверени личности.

Учениците многу често сами покренуваат контроверзни прашања, без оглед на темата на лекцијата која во моментот се обработува. За вас како наставници многу е важно однапред

да бидете подготвени како ќе изреагирате на вакви настани, отколку да мора да дадете спонтана забелешка. Наставата за контроверзни прашања вклучува реални и ажурирани проблеми. Тие помагаат да се оживее образованието за граѓанство и за човекови права.

## Поглавје 2
## Предизвици и придобивки од наставата за контроверзни прашања

Вие како наставници често се среќавате со предизвиците поврзани со контроверзни прашања. Вклучувањето на истите, преку определена форма за работа или наставен метод, ќе ги зајакне вашите компетенции. Користејќи ги препораките од Прирачникот, полесно ќе се справите со истите.

Контроверзните прашања содржат големи судири на вредности и интереси, честопати во комбинација со спорни тврдења за основни факти. Истите имаат тенденција да бидат сложени и да не се состојат од лесни одговори. Тие будат силни чувства и имаат тенденција да создаваат или да ги зајакнуваат поделбите помеѓу луѓето, предизвикувајќи сомнеж и недоверба. Отворањето на школскиот курикулум за прашања од ваков тип покренува тешки педагошки прашања, на пример, како да се заштити чувствителноста на учениците од различни потекла и култури, како да се спречи фрустрација во училницата и како рамноправно да се предава спорен материјал, избегнувајќи критики за пристрасност. Исто така, се покренуваат и прашања за академската слобода и улогата на личните убедувања и вредностите на наставникот.

Сепак, придобивките од воведувањето на контроверзните прашања во наставата се од големо значење, како за учениците, така и за општеството.

### Позитивни ставови за подучувањето за контроверзни прашања и придобивките за вас како наставници

Многубројни се придобките за вас како наставници, гледано од повеќе аспекти, иако се чини дека на почеток е голем предизвик да се подучува за контоверзни прашања, се‘ додека не станат практика во наставата.

Ова се само некои од придобивките :

**Прифаќање:** станувате повеќе свесни за чувствителноста на темата и за спротивставените гледишта, а со тоа и за важноста од воведувањето на контроверзните прашања во наставата.

**Отвореност на умот:** станувате сензитивни и свесно ги прифаќате ставовите на другите - како валидни, а истовремено и вашите ставови - како еден од аспектите. Ваквиот процес ве поттикнува на истражување и на формулирање свои ставови, но засновани на различни перспективи и докази.

**Прагматизам/прилагодување:** го поттикнуваат разбирањето на академските и на теоретските перспективи за одредено прашање и нивното поврзување со реалниот контекст.

**Подготвеност:** ве прави повеќе компетентни, самоуверени и ги јакне вашите капацитети преку стекнување искуство, истражување и посетување обуки за подучување за контроверзни прашања.

## Придобивки за учениците

Учениците имаат повеќекратни придобивки од целиот процес на подучување за контроверзни прашања. Пред с è, тие се во развој и лесно ги усвојуваат новите обрасци на размислување и на градење на вредносниот систем. Токму преку овие контроверзни теми и со методите со кои тие теми се обработуваат кај нив ќе се поттикне нов поглед кон себе, кон другите луѓе и кон општеството, а со тоа и ќе се зајакнат новите компетенции во демократската култура. Покрај тоа што се стекнуваат со нови информации и стануваат подобро подготвени да дадат позитивен придонес кон општеството, младите учат да соработуваат и да се справуваат со туѓите различни ставови и размислувања. Исто така, се поттикнува и развивањето на комуникациски вештини, учат да слушаат, да зборуваат, да се изразуваат и да се согласуваат со другите, на позитивен начин. Една од важните придобивки од подучувањето за контроверзните прашања е развивањето на емоционалната писменост, односно учениците почнуваат да ги анализираат своите чувства и да развиваат емпатија за другите. Покрај многубројните останати придобивки, би ги споменале и поттикнувањето на вештините за размислување на повисоко ниво и правењето рефлексија, потоа развивањето на самопочит и зајакнувањето на самодовербата, учат да размислуваат за себе, да развиваат свои идеи и да развиваат капацитети за морално и етичко расудување.

Клучна придобивка за учениците, покрај сите погореспомнати, е развивањето на компетенциите за демократска култура.

Компетенциите за демократска култура се однесуваат на аспектите на демократијата, човековите права и владеењето на правото. Практиките на подучување за контроверзните прашања во голема мера придонесуваат во развојот на овие компетенции.

### Модел на компетенции за демократска култура[1]

**Компетенции**

**Вредности**

- Придавање вредност на човечкото достоинство и човековите права
- Придавање вредност на културната разновидност
- Придавање вредност на демократијата, правдата, праведноста, еднаквоста и владеење на правото

**Ставови**

- Отвореност спрема другите култури, како и други уверувања, погледи на светот и практики
- Почит
- Граѓанска свест
- Одговорност
- Самоефикасност
- Толеранција на различно мислење

**Вештини**

- Вештини за самостојно учење
- Вештини за аналитичко и критичко размислување
- Вештини за слушање и набљудување
- Емпатија
- Флексибилност и приспособливост
- Јазични, комуникативни и повеќејазични вештини
- Вештини за соработка
- Вештини за решавање конфликти

**Знаење и критичко разбирање**

- Знаење, критичко разбирање на себеси (самокритичност)
- Знаење и критичко разбирање на јазикот и комуникацијата
- Знаење и критичко разбирање на светот: политика, право, човекови права, култура, култури, религии, историја, медиуми, економии, околина, одржливост

1 Совет на Европа (2018). Референта рамка на компетенции за демократска култура. Дел 1: Контекст, концепти и модел, стр. 88.

## Опис на компетенциите за демократска култура

### Вредности

**Вреднување на човековото достоинство и на човековите права**

Оваа вредност се базира на општото уверување дека секое човечко суштество е подеднакво важно, има еднакво достоинство, има право за еднакво почитување, како и право на сите човекови права и основни слободи, па така треба и кон него да се однесуваме.

**Вреднување на културната разновидност**

Оваа вредност се заснова на општото уверување дека припадноста на друга култура, културната променливост и разновидност, како и плурализмот на гледишта и практика треба да се прифаќаат и негуваат и на нив да се гледа позитивно.

**Вреднување на демократијата, правдата, праведноста, еднаквоста и владеењето на правото**

Оваа група на вредности се заснова на општото уверување дека општествата треба да функционираат и да бидат управувани преку демократските процеси со кои се почитуваат принципите на правда, праведност, еднаквост и владење на правото.

### Ставови

**Отвореност кон другите култури, како и кон другите уверувања, погледи на свет и практики**

Отвореност е став кон другите луѓе за кои се смета дека припаѓаат на различни култури од сопствената, или став кон уверувањата, погледите на свет и практиките кои се разликуваат од сопствените.

**Почит**

Почита опфаќа позитивно однесување и ценење некого или нешто, врз основа на проценка дека тие имаат суштинска важност, заслуга или вредност. Да се има почитување кон другите луѓе, на кои се гледа како на луѓе кои припаѓаат на различни култури или кои имаат различни уверувања, мислења или практики различни од сопствените, е од суштинска важност за ефикасен интеркултурен дијалог и демокртаска култура.

**Граѓанска свест**

Граѓанската свест е став кон заедницата и кон општествената група на која некој припаѓа, а која е поголема од непосредниот круг на сопствевното семејство и пријателите. Граѓанската свест опфаќа чувство на припадност кон таа заедница, свест за другите луѓе во заедницата, свест за влијанието на тие луѓе кон неа, солидарност со другите членови на заедницата и чувство на граѓанска должност кон заедницата.

**Одговорност**

Одговорноста е став кон сопственото делување. Одгвоворноста опфаќа размислување за сопствените акции, создавање намера за тоа како да се делува на морално соодветен начин, свесно извршување на тие акции и преземање лична одговорност за резултатите од тие акции.

**Самоефикасност**

Самоефикасноста е став кон себеси. Самоефикасноста опфаќа позитивно верување во сопствените способности да се преземаат акции кои се потребни за постигнување одредени цели, како и самодоверба дека може да се разберат проблемите, да се одберат соодветните методи за извршување на задачите, успешно да се надминат пречките и да се направат разлики во светот.

**Толеранција на двосмисленост**

Толерантнцијата кон двосмисленоста е став кон ситуации кои се неизвесни и предмет на повеќе конфликтни толкувања. Толеранцијата опфаќа проценка на такви ситуации и нивно решавање на конструктивен начин.

## Вештини

**Вештини за самостојно учење**

Автономните вештини за учење се вештини кои се потребни да се обавува, организира и процени сопственото учење според сопствените потреби, на начин кој самостојно се одредува, без поттикнување на другите.

**Вештини за аналитичко и критичко размислување**

Вештини за аналитичко и критичко размислување се вештини потребни да се анализира, процени и донесе мислење за какви било материјали (на пр. текстови, аргументи, толкувања, проблеми, настани, искуства итн.) на систематичен и логичен начин.

**Вештини за слушање и набљудување**

Вештините на слушање и набљудување се вештини кои се потребни да се забележи и да се разбере она за што се зборува и како се зборува, и за невербалното однесување на другите луѓе.

**Емпатија**

Емпатијата, во овој случај, е збир на вештини кои се потребни да се разберат другите луѓе и да се поврзат со нивните мисли, уверувања, чувства и светот да се види од перспектива на другите луѓе.

**Флексибилност и прилагодливост**

Флексибилноста и адаптибилноста, во овој случај, се вештини потребни да се прилагодат и средат сопствените мисли, чувства или однесување на таков начин што ќе може ефикасно и на соодветен начин да се одговори на новите контексти и ситуации.

**Јазични, комуникативни и повеќејазични вештини**

Јазичните, комуникативните и повеќејазичните вештини се вештини кои се потребни за да може ефикасно и на соодветен начин да се комуницира со другите луѓе кои зборуваат ист или некој друг јазик, и да се делува како посредник помеѓу оние кои зборуваат со различен јазик.

**Вештини за соработка**

Вештините за соработка се вештини потребни за да може со другите успешно да се учествува во заеднички активности, задачи и постапки и за да може другите да се охрабрат да соработуваат, како би можеле да ги постигнат целите на групата.

### Вештини за решавање конфликти

Вештините за решавање конфликти се вештини потребни да може да се обработува конфликтот и истиот да се решава на мирен начин и тоа така што страните кои се во конфликт ќе се насочуваат кон оптимални решенија, прифатливи за сите.

## Знаење и критичко размислување

### Знаење и критичко разбирање на самиот себе

Знаењето и критичкото разбирање на самиот себе опфаќа знаење и критичко разбирање на сопствените мисли, уверувања, чувства и мотивација, како и свест за сопствената културна припадност и поглед на свет.

### Знаењето и критичкото разбирање на јазикот и комуникацијата

Знаењето и критичкото разбирање на јазикот и комуникацијата опфаќа знаење и критичко разбирање на начините на кои дејствуваат општествено прифатените вербални и невербални комуникациски правила во јазикот што се зборува, на ефектите што различните стилови на комуникација може да ги имаат врз други луѓе, и за тоа како секој јазик, на уникатен начин, ги изразува културно споделените значења.

### Знаење и критичко разбирање на светот

Знаењето и критичкото разбирање на светот опфаќа голем и сложен збир на знаење и критичко разбирање, во различни области, вклучувајќи политика, право, човекови права, своја култура, туѓи култури, религии, историја, медиуми, економија, околина, одржливост.

Бидејќи градењето на компетенциите за демократска култура кај учениците е од клучно значење и главната цел на подучувањето за контроверзни прашања, препорачливо е на истите да се навраќате и да се потсетувате пред одржување на секој час со контроверзна тема. Во таа насока ви ја препорачуваме Референтната рамка на компетенции за демократска култура, во која може да прочитате и да дознаете повеќе за овој модел. Референтната рамка содржи три дела: **Дел 1: Контекст, концепти и модел**; **Дел 2: Дескриптори на компетенции за демократска култура** и **Дел 3: Насоки за имплементација**.

## Поглавје 3

## Улогата на наставникот во подучувањето за контроверзни прашања

Вашата улога и посветеност како наставници е од пресудно значење за влијанието на целокупниот процес на подучување за контроверзните прашања, кои имаат силно значење во воспитувањето на учениците и во градењето на нивната личност.

Покрај важноста на вашата улога за контоверзните теми во наставата, постојат и други фактори кои ќе дадат одредница за успешноста на часот, но сепак одговорноста најмногу се темели на компетенциите кои вие ги поседувате.

Во продолжение се спомнати некои компетенции на наставникот за предавање за контроверзни прашања

| | |
|---|---|
| **Лични компетенции** | Личните компетенции подразбираат свесност за сопствените верувања и вредности и за тоа на кој начинистите се обликувани, преку личното искуство и саморефлексија, но и преку потенцијалното влијание на истите врз наставата за контроверзни прашања. Невозможно е да се занемарат влијанијата на личните компетенции и тие, во одредена мера, ќе го обликуваат процесот на подучување.<br><br>Подготвеноста за водење Дневник на саморефлексија за добрите и лошите страни на сопствените верувања и вредности, пред учениците, може да биде корисно во подигнувањето на вашите лични компетенции. |
| **Теоретски компетенции** | За зајакнување на теоретските компетенции ќе придонесат обуките и целокупната литература што е на располагање, а ќе ве воведат и во разбирање како се појавува контроверзноста и во начините на нејзино решавање во демократско општество. Исто така, во теоретските компетенции ги вклучуваме и разбирањето на улогата на предавањето за контроверзни прашања во образованието, вклучително со целите, методите и предизвиците, и како истите можат да се надминат. |
| **Практични компетенции** | Подготвеноста да се вклучите во подучувањето за контроверзни прашања значително ќе ја подобрите доколку сте сигурни во сопствените практични компетенции. За да ги зајакнувате истите, потребно е да познавате повеќе начини на кои би ја воделе наставата. Една од можностите е да користите различни наставни улоги (на пр.„непристрасен претседавач“,„објаснувач“,„адвокат на ѓаволот“,„граѓанин“,„сојузник“,„јавна власт“), нивно избирање и спроведување во согласност со околностите. |

Понатаму, спремноста за сензитивно и безбедно управување со контроверзната наставна материја, преку избор и имплементација на соодветни наставни стратегии, на пр. воспоставување основни правила, деперсонализирање и стратегии за дистанцирање, употреба на структурирани форми за дискусија итн. Сето ова ќе придонесе за подигнување на практичните компетенции. Доколку користите учење засновано на проблеми или истражување, ќе бидете подготвени да понудите неутрални, избалансирани и сеопфатни информации.

Исто така, практичните компетенции ќе ви помогнат во доброто справување со спонтаните прашања и забелешки од контроверзна природа, со доверба, претворајќи ги во позитивни можности за предавање.

За успешност во улогата на наставник кој работи со учениците на контроверзни теми, неопходна е и соработка со други засегнати страни за воведување и предавање за контроверзни прашања, на пр. училишниот персонал, родителите или другите, а сè со цел да го збогатите искуството за учење на учениците, а тие да ја прошират одговорноста и да го надминат предизвикот.

## Стилови на наставниците во пристапот кон подучувањето за контроверзни прашања

Во литературата се среќаваат бројни дискусии за стилот на предавањето што ќе го минимизира ризикот од пристрасност и / или обвинувањата за пристрасност при воведувањето контроверзни прашања во наставата. Начинот на кој вие, како наставници, се справувате со личните искуства и ставови е од огромно значење, а особено зависи од тоа дали избирате своето искуство да го споделите со учениците или не. Поврзано со ова е и прашањето како се справувате со искуствата и мислењата на учениците, особено кога учениците и / или нивните семејства директно или индиректно се засегнати од контроверзното прашање.

Улогите кои како наставници може да ги практикувате веќе се опфатени во повеќе наврати во материјалите за подучување за контроверзни прашања. Во рамки на Дигиталниот курс за настава за контроверзни прашања, кој ќе го најдете на онлајн Академијата на Институтот за човекови права, имате можност подетално да ги проучите и да размислите за сите предности и недостатоци кои ги имаат.

| | |
|---|---|
| **„Непристрасен претседавач“** | Доколку ја користите оваа улога вие сте само фацилитатор/олеснувач на дискусијата и не изразувате лични ставови. Иако ова може да помогне во намалувањето на потребата од ваше влијание, истото може да биде неодржливо на долг рок, особено кога се изразуваат лошо информирани ставови, а понекогаш може да има ефект и на зајакнување на постојните ставови и предрасуди. Ваквиот стил може да остави впечаток за ваша ниска веродостојност во однос на темата. |
| **„Објаснувач“** | Како објаснувач на учениците можете да им презентирате широк спектар на алтернативни ставови за некое прашање на колку што е можно поубедлив начин, без да го откриете сопствениот став. Иако овој пристап има предности, бидејќи покажува дека прашањата не се дводимензионални и воведува идеи и аргументи до кои инаку не би стигнале учениците, може да се создаде и впечаток дека сите мислења се подеднакво рационални и втемелени во доказите. Тоа, исто така, може да значи давање дозвола за изразување некои многу екстремни позиции коишто може да доведат до дополнително зајакнување на постојните предрасуди. |
| **„Адвокат на ѓаволот“** | Оваа улога од вас бара свесно да заземете спротивна позиција од онаа изразена од учениците. Предноста е што ќе се обезбедат низа различни гледишта и сфаќања, но еден од недостатоците може да биде учениците погрешно да го идентификуваат тоа што вие го застапувате и на тој начин да се зајакнуваат предрасуди и недоверливост. |

| | |
|---|---|
| **„Граѓанин“** | Преку улогата на граѓанин вас ви е дозволено, во одреден момент од дискусијата, да го искажете сопствениот став во однос на контроверзното прашање. Ова ваше гледиште учениците може да го фаворизираат и на тој начин би биле наведени кон одредено размислување. Од друга страна, доколку јасно проговорите за вашиот став, со тоа може да помогнете да се надминат предрасудите, доколку постојат кај некој од групата. |
| **„Сојузник“** | Доколку заземете став како една од групите и застанете на нејзина страна, тогаш вие сте во улога на сојузник. Кај оние ученици кои сè повеќе повлечени или маргинализирани, ваквиот пристап може да влијае охрабрувачки, но во некои ситуации може да се добие впечаток дека преку некоја група вие го промовирате вашиот став и истовремено ја фаворизирате групата. |
| **„Јавна власт“** | Заземањето легитимна страна, онаа која е диктирана од јавните власти е улога која може да ја практикувате доколклу сакате на предавањето да му дадете официјален легитимитет и да се заштитите од обвинувања од надлежните органи. Сепак, доколку имате поинакво гледиште, може да се чувствувате компромитирано и тоа може да ги наведе учениците да помислат дека нивните дискусии се ирелевантни, затоа што се зема предвид само едно гледиште. |

Ваш е изборот која улога ќе ја користите за време на подучувањето за контроверзни прашања. Добредојдени се секакви промени кои би ги правеле на различни часови, наспроти тоа постојано да фаворизирате една улога. Шареноликоста во користењето на овие пристапи ќе придонесе кон збогатување на интересот за часот од страна на учениците, а истовремено и вас ќе ве гледаат како инвентивен и посветен.

## Поглавје 4
## Создавање безбедна клима во училницата за разработка на контроверзно прашање

Еден од најважните сегменти на кој се посветува значајно внимание е безбедната клима во училницита во која се обработува некое контроверзно прашање. Училишната атмосфера, во која секој ќе има можност да го каже својот став и при тоа нема да биде на каков било начин повреден, ја нарекуваме „демократска училишна култура“. Истата треба да биде отворена и неосудувачка. Во неа владее искреност и доверба и учениците се ослободени од какво било стравување за искажување на сопствените разумни гледишта, кои можеби се спротивни на оние што ги заземате вие или вашите врсници.

Иако е голем предизвик да се обезбеди ваквата демократска училишна атмосфера, сепак, вашата насока има клучно значење во тоа дали дискусијата ќе излезе надвор од контрола и дали некој ќе биде експлицитно или имплицинтно повреден. Велиме дека сечие мислење е достојно за внимание и почит и дека е потребно да ги развиваме компетенциите за демократска култура кои единствено ќе може да се градат кај учениците, доколку се воспостави безбедна клима. Воспоставувањето кодекси на однесување или правила во училницата за тоа како учениците треба да се однесуваат кога се појавува несогласување околу некоја тема, се смета за клучно за создавање ваков вид атмосфера, често креиран како „основни

правила“ за дискусија. Се смета дека правилата функционираат најдобро кога самите ученици се вклучени во нивното креирање, кога јасно се прикажани за да можат сите да ги видат и кога се сметаат за незавршен проект кој наизменично се посетува и надополнува.

Јасно е дека онаму кај што се дискутира за високо емотивни теми лесно може да дојде до губење на контолата. Токму поради тоа делот со училишната атмосфера го сметаме за најголем предизвик во подучувањето за контроверзни прашања. Часовите од овој тип лесно можат да станат поларизирани, предизвикувајќи непријателство меѓу учениците, што ја загрозува климата и дисциплината во училницата. Постои страв дека конфликтот меѓу учениците може во секое време да излезе од контрола, поткопувајќи го вашиот авторитет и влијаејќи негативно врз идните комуникации помеѓу вас и учениците. Исто така, постои страв дека во некои случаи може да се наруши вашио професионален и личен статус. На пример, ако изгубите контрола над дискусијата, тоа најверојатно ќе го наруши вашиот авторитет во тоа одделение во иднина. Во екстремни околности, може да дојде до поплаки од учениците или од родителите, или од претставниците на заедниците.

За да не излезе дискусијата од контрола и успешно да се справите со предизвиците, потребни се вештини на повисоко ниво, внимателна подготовка и континуирана рефлексивна практика и можност за флексибилно реагирање и ефективно размислување. Покрај стравот дека дискусијата може да ја наруши контролата, во некои случаи се јавува и страв од ризикот воопшто да не се развие дискусија. Доколку кај учениците се појави ваква апатија или едногласие по некое прашање, потребни се ваши вештини да ги поттикните кон соработка и споделување на сопственото мислење, но сепак, доколку некоја тема е веќе надмината или недоволно атрактивна, може да се обидете да дадете различна перспектива на гледање, да заземете некоја од попровокативните улоги кои погоре беа споменати (на пр. ‘Адвокат на ѓаволот’) и да забележите дали тоа ќе направи промена.

Исто така, се јавува потешкотија како да се знае најдобро да се одговори на спонтаните забелешки или прашања од контроверзна природа, изнесени од учениците, а притоа да се одржи безбедна клима во училницата. Со оглед на тоа дека учениците имаат постојан пристап до Интернет и до социјалните медиуми на нивните мобилни телефони и лаптопи, невозможно е да се предвиди кои проблеми ќе ги изнесат на дневен ред, кога ќе ги изразат или какво влијание ќе имаат истите врз другите ученици или врз атмосферата во училницата или училиштето.

Предизвици за создавање безбедна клима за дискусија

- Интензивни, „жешки“ емотивни дискусии;
- Затворени ставови;
- Поларизација на мислењето помеѓу групите ученици;
- Недоволно ангажирање на учениците;
- Учениците изразуваат силни и спротивни ставови на вредностите на мнозинството од одделението или училиштето;
- Предрасуди;
- Неприкосновено мислење за консензус.

**Еден од начините да обезбедите безбедна клима за работа со контроверзно прашање е поттикнување и давање поддршка на учениците:**

- Да разберат дека нема „точни и погрешни“ одговори;
- Да разберат дека можеби нема да постигнат договор во сите дискусии;
- Да пребаруваат и критички да ги преиспитуваат доказите;
- Да даваат подеднакво значење на спротивставените ставови и мислења;
- Да бидат со отворен ум;
- да разберат дека сите докази се отворени за критичка проверка и дека можат да бидат противречени/контрадикторни;
- да дозволат да се оспоруваат нивните ставови пред другите;
- да прифатат дека нивните ставови ќе бидат оспорени;
- да одговорат позитивно на критиките;
- да ги оправдаат своите ставови со образложени аргументи.

Не е едноставно да се надминат овие предизвици и јасно е дека одговорот на предизвиците поврзани со предавањето за контроверзни прашања може да биде мошне опширен. Страдлинг и соработниците (1984) велат: „Едноставно, не е можно да се утврдат строги правила за предавање за контроверзна предметна материја што треба да се применуваат постојано. Наставникот треба да ги земе предвид знаењето, вредностите и искуствата што учениците ги носат со себе на час; наставните методи кои преовладуваат на другите часови; климата во училницата, возраста и способноста на учениците. Со оглед на тоа дека различни околности во училницата претпоставуваат различни методи и стратегии и нема гаранција дека стратегијата што функционира кај едни ученици, ќе функционира и со друга група, она што е потребно, се тврди, е чувствителност кон контекст и флексибилност на одговор.“

**Се нудат низа практични предлози извлечени од литературата за тоа што може ова да значи во практика. Истите се однесуваат на прашања како што се:**

- Која е вашата лична свесност и саморефлексија?;
- Колкава е вашата свесност за природата на контроверзните прашања и за предизвиците што тие ги поставуваат?;
- Која е вашата свесност за чувствителностите на одделението и училишната средина?;
- Колкава е вашата способност да се користат и да се применуваат низа стилови на предавање?;
- Колкава е вашата способност за создавање соодветна атмосфера во училницата и за поддршка на демократската училишна култура;
- Колкава е вашата способност за запознавање на учениците со рамки и стратегии;
- Колкава е вашата способност за обука на учениците за идентификување пристрасност;
- Колкава е вашата способност за ефикасно планирање и управување со дискусијата;
- Колкава е вашата способност за употреба и примена на низа специјализирани наставни стратегии;
- Колкава е вашата способност за вклучување на други засегнати страни и наставници.

# Поглавје 5
## Поддршка на емоционалниот развој на учениците

Емоционалниот развој на децата на училишна возраст е во фокусот на голем број истражувања. Воведувањето контроверзни прашања во наставата е од клучно значење за поттикнувањето на емоционалната писменост, но и за развивање на механизми за справување со непријатни ситуации кои покренуваат негативни емоции. Учењето на младите да се справуваат со ваквите животни настани ќе помогне тие да станат повеќе самосвесни возрасни личности. Истражувањата покажуваат дека децата кои растат во поттикнувачка средина и кои имаат шанса за организирани програми кои го поттикнуваат нивниот холистички развој, постигнуваат подобри резултати на училиште и имаат подобри перспективи во животот. Исто така, емоционалниот развој во училишната возраст е од клучно значење за развојот на целокупната мозочна архитектура и има огромно влијание во текот на целиот живот, но исто и учениците кои имаат силна емоционална основа, имаат капацитет подобро да управуваат со секојдневните социјални интеракции. На младите им се потребни социо-емоционалните способности подеднакво колку и когнитивните, бидејќи тие овозможуваат да бидат фокусирани на активностите, да се мотивирани, да соработуваат со возрасните и со соучениците во групата. Емоционалните способности, меѓу другото, ја зголемуваат способноста на детето да учи, да работи со другите, да обрнува внимание во училницата и да развива емпатија.

Контроверзните теми и користењето на техники за нивно вметнување во наставата е важен сегмент на училишната политика. Вашата подготвеност како наставници да се справите со емоционалните димензии на контроверзните прашања е примарна во тој процес.

Тоа може да го направите со тоа што ќе им давате можност на учениците:

- Да развиваат разбирање за нивните чувства, емоции, размислување и однесување ( во ред е да се чувствуваш така - му покажуваме прифаќање разбирање и во моментот, но и креираме доверба за следни часови и други пошироки теми- ученикот ни го проверува пулсот и за други теми, можеби друг ученик слуша и проценува како реагираме, па размислува за себе);
- Да изградат емпатија кон другите ( сосема е во ред да имаме поразлично мислење, да ги ислушаме неговите аргументи, да ја погледнеме неговата ситуација и искуство за темата);
- Да ги контролираат нивните чувства, емоции, размислување и однесување (емоциите и однесувањето се различни - може да не се согласуваме, но не мора да влегуваме во конфликт);
- Успешно да се справуваат со нивните чувства и емоции – како да постапат кога ќе се вознемират - „Полека, смири се, па ќе се вклучиш понатаму во дискусијата”);
- Ефектите од часот со контроверзна тема не се само врз најактивните учесници на часот и само за тој час. И оние ученици што молчат и не се вклучуваат во дискусијата, сепак учат. Слушаат, размислуваат, одлучуваат. Можеби немале став за темата, можеби се поинтровертни, па не сакаат да се вклучат, можеби не сакаат да го изложат својот став (нови ученици, болно искуство , ставот е поразличен, па не сакаат да се вклучат или не се чувствуваат безбедно да дискутираат).Тука е и вмешноста на наставникот кога и дали да ги поттикне во дискусијата.

По завршување на часот, доколку тема е со висок емотивен набој, потребно е да сте сигурни дека главите спротиставени страни сте ги смириле, дека не останал некој ученик вознемирен и повреден на емоционално или на лично ниво. Доколку сметате дека е потребно, може да поставите правило дека за контроверзната тема ќе продолжите да зборувате само во училницата, а надвор од неа учениците да се воздржуваат од дополнителни коментари. На овој начин ќе ги заштитите поранливите ученици и тие ќе се чувствaат сигурно дека нема да бидат повредени на кој било начин поради соопштување на своето гледиште за одредената контроверзна тема.

Вашето снаоѓање со целокупната ситуација во училницата ќе има влијание врз учениците, нивната сигурност во себе, врз развивањето на личносните карактеристики, но и врз мислењето кое тие го формираат за вас како наставник.

Еден од важните методи како да се осигурате за емотивната состојба на учениците и за влијанието на часот со контроверзно прашање врз нив, е да направите рефлексија на тој час и да им дадете можност на учениицте да ги изразат своите чувства и емоции, користејќи соодветен вокабулар. Оваа рефлексија ќе им помогне да го заокружат процесот и да си заминат од часот со негативно чувство. Корисно е да ги поттикнете низ процесот на рефлексија да ги именуваат емоциите со соодветен вокабулар (вознемиреност, лутина, бес, како се вика таа емоција, како е различна од другите и сл.)

Исто така, зборувањето за своите емоции на учениците ке им помогне да градат одговорност- „како се однесувам кога сум вознемирен/а, како тоа се одразува на другите, како тие се однесуваат кон менѐ". Да градат почит, да ги препознаваат и прифаќаат емоциите на другите. Емоциите кои се појавуваат во одреден настан или за некоја контроверзна тема, во голема мера ќе влијаат на мисловниот процес, а заедно, овој систем ќе го одреди и однесувањето. Поради тоа, поврзувајќи ги овие елементи на емоција, мисла и однесување, учениците ќе разберат од каде потекнува некое несоодветно однесување, но истовремено и ќе научат како истото да го контролираат.

Друга придобивка е што учениците ќе добијат можност да ги изразуваат своите ставови и чувства на конструктивен начин и да градат комуникациски вештини - правилно да се изразат, без напад на другите, да сознаат дека тоа што тој/таа размислува поинаку не е напад врз тебе. Во оваа пригода се развива емпатијата, која во текот на целиот живот ќе им овозможи полесно да се справуваат со дискутабилни состојби и да ги разбираат другите.

Во текот на часот со контроверзно прашање од особено значење е да ги охрабрите учениците да зборуваат за своите доживувања и емоции, а истовремено и да се обидуваат да ги именуваат. На пр. може да ги споменете храброста, радоста, лутината, здодевноста, збунетоста и сл. и да оставите простор за дискусија како се појавило тоа доживување или таа емоција. Откако ќе ја споделат и ќе дискутираат за емоцијата, побарајте да ја рангираат, на скала од 1 до 10, колку е таа присутна. Доколку некоја емоција е високо позиционирана на скалата, задржете се повеќе на разбирањето и прифаќањето на ученикот. На крај, разговарајте за тоа дали е во ред да се заврши часот, или останала уште некоја непријатна емоција. Објаснете им дека е во ред да се чувствуваат така, дека емоциите се природен процес кај секој човек и дека е сосема природно некоја тема да покрене негативни доживувања, а останатите присутни да ги прифаќаат, без разлика на тоа како се чувсвуваат. Но, потребно е да бидете сигурни дека се безбедни да го напуштат часот и дека истиот нема да има продолжено негативно влијание.

Дел 2

# Методи и активности за подучување за контроверзни прашања

Во овој дел Прирачникот ве води кон мошне значајна област која ќе ви помогне да креирате час со контроверзно прашање следејќи ги насоките за постигнување на целите. За почеток ќе се запознаете со пристапот за планирање на часот и со одредување на структура која ќе ја следите за спроведување на активностите. Потоа ќе биде објаснет пристапот на истражување, како водечка насока во подучувањето за контроверзните прашања. Препорачливо е секој час да содржи одреден метод по кој ќе работите, а во овој дел ќе добиете повеќе насоки за некои методи кои може да ги користите за да ги постигнете целите.

И покрај тоа што споменатите методи и пристапи се во контекст на подучувањето зконтроверзни прашања, истите може да ги користите и во редовната настава, доколку сакате да го направите часот поефективен, позанимлив и покорисен за учениците. Исто така, при избор на контроверзно прашање, најпогодно е да одберете од темите кои ги обработувате редовно во рамки на вашиот предмет, добро да го формулирате и да му пристапите низ следниве чекори.

## Поглавје 6
## Планирање на часот

Планирањето на часот е клучна фаза во која ги поставувате темелите на сè што понатаму ќе реализирате. Доколку планирањето е успешно, внимателно подготвено и со јасно поставена структура, фазата на реализација за вас ќе биде поедноставна и полесно ќе се справите со непредвидените коментари или однесувања на учениците. Имено, кога ќе знаете што сакате да постигнете, лесно ќе се вратите на првичниот план, па дури и ако дискусијата на учениците ве води кон друга насока. Подготовката започнува со поставување на контроверзната тема, како и со целите кои сакате да ги постигнете. Исто така, на почеток поставете ги компетенциите за демократска култура кои очекувате да се развиваат кај учениците со реализација на часот. Откако ќе ги поминете горенаведениве фази, потребно е да ја поставите структурата на часот. Структурата на часот би требала да содржи три фази: воведна активност, реализација и рефлексија.

1. Воведната активност има за цел да ја доближи контроверзната тема до учениците и да го поттикне нивниот интерес. Во овој дел се формулира контроверзната тема како прашање и како предизвик за истражување.
2. Следниот чекор е реализација на часот. Овој дел е задолжен да ги ангажира учениците во таква активност при која тие развиваат одредена вештина. Бивајќи вклучени во разработувањето на контроверзната тема и во организацијата на работата, тие размислуваат, споделуваат идеи и мислења, дискутираат, истражуваат и учат нови способности.

3. Завршната активност од часот содржи рефлексија која е значајна да даде заклучок за тоа што е научено и како е научено. Преку рефлексијата, вие може да процените дали се реализирани целите на часот и дали сите ученици се чувствуваат добро пред завршувањето. Важно е да се напомене дека, доколку контроверзната тема кај некој ученик предизвикала силна емотивна реакција, преку рефлексијата таа емоција треба да се препознае, да се смири, па потоа да се заврши часот. За време на рефлексијата се води добро планирана заедничка дискусија, која вклучува преглед на вештините и способностите стекнати со активноста.

## Поглавје 7
## Учење преку истражување

Учењето преку истражување е еден од водечките методи во обработката на контроверзните прашања.

Добро е познато дека вклученоста на учениците во процесот на пронаоѓање на информации е најдобар метод кога сакате учениците нешто да научат. Тие се љубопитни, ги користат и ги развиваат своите вештини за доаѓање до податоци, размислуваат, соработуваат и споделуваат. Сите овие вештини ќе помогнат информациите да се забележат во нивната долготрајна меморија. Секоја информација до која сами ќе дојдат е многу поверојатно да ја запомнат отколку да се наведе и презентира како веќе готова од ваша страна. Токму поради тоа применливоста на методот на истражување е широко отворена во секоја сфера од образовниот процес, но посебен акцент се става на структурираното подучување за контроверзни прашања.

Поради големата палета вештини кои се развиваат додека учениците истражуваат, истражувањето може да се применува во секоја фаза од часот. Тоа подразбира дека може од присутните да побарате да се воведат во контроверзната тема, истражувајќи низ сите расположиви средства на часот, и со тоа да ги поставите постулатите за понатамошната обработка. Доколку одлучите истражувањето да е главниот метод, потребно е вие да ги воведете во темата, а потоа тие да пронајдат подетални информации за кои би дискутирале. Во зависност од тоа во кој дел ќе го спроведете истражувањето, ќе ја определите временската рамка, како и бројноста на информациите до кои учениците треба да дојдат.

Самиот процес на истражување подразбира:

- Учењето е стимулирано со истражување или со проблем;
- Пристап кој е насочен кон учениците, при што наставникот делува како фацилитатор/поттикнувач на учењето;
- Учениците се фокусирани на процесот на конструирање и на надградба на знаењето и го продлабочуваат разбирањето;
- Учениците се ангажирани во активно учење;
- Примена на ефективни прашања и колаборативна работа;
- Независно учење.

Истражувањето се спроведува во пет фази. Секоја фаза се спроведува последователно, како што се наведени. За да ви биде поедноставно да ги поставите целите на целиот процес, може да се водите според подолупоставените прашања, за секоја фаза:

1. Поставување прашања формулирани од наставникот или од учениците.
   - Каков тип модел на истражување ќе користите и зошто?
   - Што би требало да биде во фокусот на истражувањето?
   - Што сакате учениците да научат?
   - Што сакате учениците да дознаат?
2. Планирање и предвидување план за истражување на нивните прашања.
   - Како учениците ќе го планираат и спроведуваат истражувањето?
   - Кои информации им се потребни?
   - Каде учениците може да ги најдат информациите?
   - Кои ставови, способности и вештини ќе ги развијат учениците?
3. Истражување на одговорите на нивните прашања.
   - Колку време би требало да трае истражувањето?
   - Кои методи би требало да ги користат учениците?
   - Како учениците ќе ги соберат доказите од истражувањето?
   - Како учениците ќе ги анализираат и евалуираат информациите?
4. Бележење и известување за наодите на различни начини.
   - кои информации ќе ги запишуваат учениците?
   - како учениците ќе ги бележат и презентираат информациите?
5. Рефлексија за тоа како може да се подобри учењето и како да се планираат натамошни истражувања.
   - Дали учениците одговорија на главното прашање во врска со оваа тема?
   - Што научија учениците за контроверзното прашање?
   - Кои ставови вештини и способности ги развија учениците?
   - Што би можеле да направите поинаку?

И покрај тоа што во рамки на подучувањето за контроверзни прашања истражувањето има значајна улога, истото е препорачливо да се користи кога учениците се исправени пред предизвик да научат комплексна и обемна тема. По секое спроведено истражување, на учениците им е потребно да се направи рефлексија и да се разговара за нивното инволвирање и доживување на целиот процес.

# Поглавје 8

## Методи и активности за подучување за контроверзни прашања

Контроверзните теми, со својата специфичност, наметнуваат потреба да бидат обработувани на креативен начин, кој ќе побуди интерес кај учениците, ќе поттикне градење на компетенциите за демократска култура, но истовремено ќе ја задржи веќе поставената структура за час. Постојат голем број начини како да го осмислите реализирањето на активноста и како да ги постигнете предвидените очекувања. Изборот на метод и стратегија за активноста се „превозното средство“ со кое ќе „патувате“ до исполнување на целите. Тие треба да се интересни за учениците, доволно поттикнувачки, безбедни и јасни. За вас, како управувачи на превозното средство, овие методи ќе бидат сигурни пренесувачи на групата ученици, од едно гледиште кон нови дострели, развивајќи ги компетенциите за демократска култура.

Токму поради важноста на изборот за метод кој ќе го користите, во продолжение ви се понудени повеќе различни начини за реализирање на часот со контроверзна тема. Секој од методите имате можност да го прилагодите на групата, според нивните интереси, возраст, бројност и сл.

### Дебата

Еден од често користените методи за подучување за контроверзни прашања е Дебатата. Иако првиот впечаток е дека таа се користи и во редовната настава и учениците често имаат можност да учествуваат во дебатирање, сепак, во рамки на контроверзната тема, дебатата има свои правила. Тие правила на учениците им овозможуваат да ги покажат своите граѓански вештини, да ги искажат своите мислења, да научат да препознаваат дека несогласувањето може добро да се менаџира, и во таков облик, дебатата е позитивна карактеристика на демократијата. Сепак, не сите ученици се подготвени да го искажат своето мислење, а можеби и немаат целосно формирани ставови за прашањата за кои се дискутира.

Следниве примери на техники за дебатирање се дизајнирани да им помогнат на учениците во формирањето ставови и во зајакнувањето на самодовербата.

1. **Брза дебата** подразбира метод преку кој се зајакнуваат вештините за размислување, за донесување одлуки, за решавање проблеми и за тимска соработка. Оваа техника е корисна за градење на капацитетите на учениците да дебатираат и да истражуваат различни перспективи.

**Примена:**

На почеток од дебатирањето се наведува контроверзното прашање со воведна активност. Потоа наједноставно брзата дебата се спроведува преку рангирање од 1 до 5 („Многу не се согласувам“ до „Многу се согласувам“), за поставеното прашање. Откако секој ученик ќе одреди број на скалата за рангирање според сопственото мислење, се формираат парови/двојки меѓу учениците кои имаат различни броеви. Пожелно е, при формирање на паровите/двојките да се спојуваат ученици чии броеви значително се разликуваат, на пр. 1 и 5 или 2 и 5 и сл. Секоја двојка има можност 2 минути да разговара и да дебатира зошто го рангирале прашањето на тој начин, но притоа е потребно да споделуваат свои ставови и аргументи. Откако учениците ќе ја спроведат брзата дебата, се поставуваат прашања и се отвора дискусија дали некој го променил својот број и се бара да ги образложи причините, доколку тоа се случило.

2. **„Континуум на ставови“** е интересен метод во кој се истражуваат различните мислења и емоции за одредено контроверзно прашање или проблем. Исто така, овој метод развива вештини за донесување одлуки. Потребно е учениците да заземат став за проблемот и на сите ученици да им се даде можност да се слушне нивниот глас, дури и ако не се изјаснат. При тоа учениците се соочуваат со двосмисленост и со недефинирани области. Тоа би требало да им овозможи да согледаат дека мислењата треба да се потврдат и да се образложат со информирано знаење за она што е предмет на дискусија.

**Примена:**

Примената се спроведува така што од учениците се бара да застанат на замислена линија, со замислена скала од 1 до 10, а секој крај од училницата да се објасни дека претставува спротивставено гледиште – едниот крај претставува став за 'ЦЕЛОСНО СЕ СОГЛАСУВАМ' и е означено со 10, а другиот крај за 'ЦЕЛОСНО НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ' и е означено со 1. Откако ќе се прочита прашањето/ ставот, потребно е секој ученик да се позиционира на линијата. Потоа се отвора дискусија зошто ја зазеле таа позиција, да го искажат своето размислување и да имаат можност да ги чујат и аргументите од останатите. На крај од дискусијата се остава можност учениците да ги променат своите позиции, доколку во текот на активноста го промениле своето гледиште. Постапката се повторува повеќе пати, сè додека не се обработат сите прашања/ставови. Континуумот на ставови, како метод, завршува со рефлексија од учениците за тоа како го доживеале целиот процес и какво влијание имал врз нив.

3. **Дебата со движење** е уште еден метод во кој дебатирањето има главна улога. Повторно, и преку овој метод се развиваат вештините за размислување и за донесување одлуки. Корисна е во групи на ученици во кои отсуствува спремноста за гласно зборување и споделување. Во оваа дебата, на учениците треба да им биде дозволено да застанат на неутрално место и да не заземаат став за некое прашање.

**Примена:**

За почеток, низ училната се поставуваат три знаци: 'СЕ СОГЛАСУВАМ, НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ, НЕ СУМ СИГУРЕН'. Знаците „Се согласувам“ и „Не се согласувам“ се ставаат на спротивните краеви на училницата, додека знакот НЕ СУМ СИГУРЕН се става во средина, како по замислена линија. Откако ќе се прочита изјавата или контроверзното прашање, од учениците се бара да застанат најблиску до знакот што го рефлектира нивното мислење за темата. Потребно е да имаат доволно простор да размислат и доколку сакаат сепак да останат во средина. Откако ќе се позиционираат, се отвора дискусија во која ќе имаат можност да се изјаснат зошто ја одбрале таа позиција. Се поттикнува дијалог/дебата меѓу учениците, за да се убедат оние што не го делат своето мислење, да ја сменат страната. Целта е секој ученик да ги чуе размислувањата за оние кои сакаат да зборуваат и потоа, доколку го менуваат својот став, да ја променат позицијата.

На крај се прави рефлексија на активноста.

Покрај дебатата и нејзините варијации на примена, во подучувањето за конторверзни прашања може да се користат и следниве обработени методи. Иако секој од нив е опишан со пристапот на спроведување, сепак, секој од вас ќе остави свој белег во обработката. Методите вклучуваат различни техники, поттикнуваат развој на голем број вештини, а во рамки на истите, како главна алатка се користи дискусијата.

## Играње улоги

Играњето улоги е метод кој е интересен и лесно прифатлив од учениците, а најмногу од учениците на помала возраст. Овозможува да се стекне брз преглед на контроверзното прашање. Голем број вештини се градат со играњето улоги, некои од нив се емпатија, размислување, критичко размислување и други. Предност е што нема потреба од претходни познавања на учениците за одредената тема, бидејќи добиваат картички со улога и насоки.

**Примена:**

Пред сè се подготвува сценарио, кое им се објаснува на учениците и потоа се делат улоги со картички. Се посочува дека секоја улога има одредено име, финкција и чувство. Учениците застануваат во два реда, свртени еден кон друг, со линија во средината. Потоа секој ученик ја кажува својата улога, а останатите осмислуваат изјава која би сакале да и' ја кажат на таа личност. Избраниот ученик оди по линијата во средина и ги кажува своите изјави во врска со коментарите што ги добил. Секој ученик поминува по линијата, играјќи ја својата улога од картичката. Како заклучок се поттикнува рефлексија за методот, но и за тоа кои коментари ученикот смета дека се убедливи и какво е неговото гледиште за сценариото.

## Рангирање со картички

Методот им овозможува на учениците да даваат приоритет на идеи и информации и да дискутираат за оправданоста на нивниот избор. Спроведувањето на активноста е едноставно, преку работа во мали групи и редење картички на хамер, залепен на ѕид. Со овој метод се развиваат поголем број компетенции за демократска култура, меѓу кои најзначајни се давањето приоритет и донесувањето одлуки.

**Примена:**

Се започнува со поделба на учениците во мали групи и делење картички со ставови и теми. Учениците добиваат инструкција да ги подредат картичките по важност/по приоритет. Може да ги редат во права линија или по нивоа. Потоа го споредуваат рангирањето едни со други, како почетна точка за дискусија по одредено прашање. На крај се води дискусија за активноста и се отвора можност за рефлексија.

## Рангирање „дијамант“

„Дијамантот“ е посебна форма која во овој метод се користи за да овозможи учениците да даваат приоритет на информации и идеи. Активноста е занимлива и едноставна за спроведување.




**Примена:**

Потребно е однапред да подготвите напишани картички за темата која е предмет на изучување. Рангирање 'дијамант' се спроведува со поделба на учениците во мали групи, а се применува едноставно во неколку чекори. Прво учениците добиваат девет картички (или се бара претходно сами да ги напишат), со идеи кои се однесуваат на одредено прашање. Потоа ја подредуваат првата картичка со најголем приоритет на врвот, проследена со две во вториот ред, три во третиот ред, уште две во четвртиот ред и потоа една картичка што претставува најмал приоритет се

става на долниот дел. На овој начин се прави форма на дијамант. По завршување на редењето учениците меѓу себе треба да постигнат консезус. Ова вклучува дискусија за редоследот на картичките, во која учениците ја објаснуваат оправданоста за приоротетите. Во оваа дискусија имаат можност да ги искажат своите ставови, како група, и да споделуваат различни гледишта за темата, преку различните рангирања на картичките во дијамантот. На крај, како и кај сите други методи, за работа се спроведува рефлексија.

## Табла за графити

Методот 'Изработка на табла за графити' е добар предизвик за учениците да ги презентираат своите размислувања околу некое прашање.

**Примена:**

Откако ќе се воведе контроверзното прашање на часот, потребно е учениците, на голема табла или на хамер за графити, да ги запишат своите идеи, размислувања и познавања за темата. Таблата е поделена на три дела, користејќи ја техниката ЗСН – што значи: што мислат учениците дека Знаат, што Сакаат да знаат, но и што Научиле на крајот од проучувањето на темата. Сите коментари што ќе произлезат од дискусијата, потребно е да се запишат во предвидениот дел. Оваа табла за графити може да се користи и на крајот од друга контроверзна тема, како заклучна фаза за сумирањето на прашањата кои биле предмет на дискусија и за извлекување заклучоци. По спроведувањето на методот, потребно е да се направи рефлексија за доживувањето на учениците и за нивното гледање на овој пристап во работата.

## Размислување во парови/двојки и споделување

Оваа активност има моќна улога кога учениците имаат потреба да размислат, да состават концепт и потоа да го споделат. Тие се поттикнуваат да го оправдаат или да го потврдат својот став, со наведување примери и потоа јасно да го искажат своето мислење. Учениците го проширувааат своето концептуално разбирање за темата и имаат можност практично да го развијат своето мислење врз основа на тоа што ќе го слушнат мислењето на другите.

**Примена:**

Примената на методот е едноставна. Се започнува со поставување на контроверзното прашање, кое вие го воведувате пред групата. Потоа учениците, работејќи во парови/двојки или во мали групи, на самолепливи ливчиња го запишуваат своето мислење. Следува разговор за нивното размислување и ја презентираат оправданоста со партнерот од паротт/двојката или групата. Потребно е јасно да ги искажат своите мисли и да ги објаснат последиците, користејќи примери за да ги усогласат ставовите. Бидејќи читаат од веќе запишаното на ливчињата, тоа им помага да се сосредоточат со прашањето, да бидат концентрирани и со внимание да ја следат активноста. Дискусијата може да ја прекинете за да се овозможи взаемно оценување на соучениците. Учениците може да им дадат повратни информации на своите партнери за тоа колку добро ја образложиле оправданоста на своите идеи. Следната дискусија може да се фокусира на структурата на аргументите, на тоа како била образложена оправданоста на мислењето и убедливоста на аргументот. Активноста може да се продолжи со тоа што од учениците ќе се побара да играат 'Адвокат на ѓаволот' и да презентираат убедлив аргумент кој се разликува од нивното мислење. На крај, како и кај останатите постапки, се води рефлексија.

## Мисловни мапи

'Мисловната мапа' може да им помогне на учениците да ги организираат мислите. Слично како што мозокот ги собира/складира информациите што ги добива од надвор, со поврзување како мрежа, така и учењето е најефективно кога се прави поврзување и потоа се структурира. Мисловните мапи може да бидат корисни во различни ситуации, кога учениците треба да размислуваат за одредена тема: собирање идеи, подготовка за презентација, планирање проект, ревидирање итн. 'Мисловните мапи' ги поттикнуват учениците да размислуваат за поврзување на содржината што ја учат. Учениците креираат визуелно претставување на нивното размислување.

**Примена:**

Активноста започнува со запишување на контроверзната тема во средината на голем лист. Користејќи гранки, учениците ги цртаат идеите кои се однесуваат на главниот концепт, поврзувајќи ги со темата напишана на средина од листот. Потоа, можат да користат различна боја за секоја главна идеја и да ги подвлечат клучните зборови и концепти. Учениците, исто така, може да додаваат цртежи за да го подобрат визуелниот аспект на својата мапа. Откако ќе ги нацртаат главните гранки, повторно се цртаат нивни подгранки, со цел да се истакнуваат нови идеи поврзани со главната. Мисловната мапа може да се користи и како алатка за ревидирање. Учениците пишуваат белешки со примени на самолепливите ливчиња, по едно ливче за секоја подгранка. Овие ливчиња може да ги содржат истите бои како и соодветната подгранка на нивната мисловна мапа. Насоката за дискусијата е да се поттикнат учениците да размислат зошто го направиле групирањето на идеите токму на тој начин и како мисловната мапа им помогнала да го разјаснат нивното размислување.

## Разгледајте ги сите фактори

Методот ги поттикнува учениците да размислат за сите релевантни фактори при донесувањето на некоја одлука и при разгледување на идеите. Овој пристап е клучен пред да се почне со некоја активност или пред да се донесе конечна одлука. Вештините што учениците ги стекнуваат преку овој метод се долготрајни и стануваат практика кога младите се соочуваат со амбиваленција по некое прашање.

**Примена:**

Примената на методот е интересна за учениците, се започнува со разговор за важноста да се земат предвид сите фактори при донесување некоја одлука и при планирање некоја активност. Тоа е важно, бидејќи, доколку се заборави значаен фактор, тоа може да предизвика пропусти во текот на спроведувањето на активноста. Учениците работат во групи. Се запознаваат со сценарио кое вие однапред сте го подготвиле, а во кое се содржи контроверзната тема.

**Пример за сценарио**

Направена е апликација за проектирање нов терминал и писта на аеродромот во Скопје поради зголемување на туризмот и бизнис интересите на нашата држава. Бизнис секторот за туризам го застапува проектот, но локалните жители и еколозите се против. Кои фактори треба да бидат вклучени во конечната одлука?

Секоја група дава забелешки за сите фактори кои смета дека се важни, ги набројува на лист и кратко ги објаснува. Потоа се бара да ги ротираат во групи своите забелешки за да ги видат

факторите што другите групи ги забележале. При тоа ја користат техниката „заемно оценување на соучениците“. Откако ќе ги разгледаат записите на сите групи, повторно се навраќаат на својот првичен запис и од нив се бара да ги изменат или да направат дополнување на оригиналните фактори врз основа на тоа што го прочитале во другите формулари. За крај на активноста, предвидена е рефлексија и дискусија, со цел да се согледаат сите фактори од сите групи, што може да биде корисно за сите ученици.

## Заемно оценување на учениците

Овој метод за оценување на учениците од страна на другите соученици е корисна алатка од повеќе аспекти. Тој помага да се подобри разбирањето на целите што треба да ги постигнат, да се подобри учењето и да се поттикнат критичкото мислење и комуникациските вештини.

**Примена:**

Примената е адаптибилна според потребите на часот, а се спроведува така што учениците даваат повратни информации за квалитетот на трудовите и на одговорите на соучениците, како и за процесот на нивното учење.

Придобивките се повеќеструки. Пред сè ова им помага на учениците подобро да го разберат процесот на оценување и ја зголемува нивната мотивација за учење, потоа помага учениците да ги разбираат карактеристиките на квалитетната работа и им помага да бидат самокритични во својата работа. Понатаму, со ова тие ги развиваат клучните вештини за проценка и рефлексија, кои се потребни во давање повратни информации, кои пак, од друга страна, им помагаат на учениците во доработувањето на задачата и во продлабочување на вештините пред да бидат оценети од страна на наставникот. Ја градат одговорноста и независноста во самостојното учење, помага во разјаснување на критериумите за оценување, овозможува практикување на вештините за рефлексија и евалуација што се потребни за доживотно учење, и, пред сè, ја олеснува вашата работа како наставници поврзана со оценувањето.

## Ротирање „Бури на идеи“

Ова е често практикувана метода која ги поттикнува учениците на размислувања, на одговори и на заеднички заклучоци за одредена тема.

**Примена:**

Активноста се спроведува во мали групи ученици кои ротираат на секоја клупа на која веќе има поставено прашања на лист. Прашањата се поврзани со контроверзната тема и истите, вие- наставниците, ги подготвувате во процесот на подготовка за часот. Во малите групите се стимулира дискусија помеѓу учениците и тие даваат идеи и предлози во врска со темата или со прашањето што е предмет на изучување. Бидејќи транспарентноста на секоја група е запазена, сите групи имаат можност, ротирајќи, да ги разгледаат и размислувањата на другите групи. Во правилата за спроведување на активноста се напоменува дека секоја група има различна боја на маркер со кој ги запишува своите коментари, а исто така, се наведува и дека е потребно да запишат знак дали се согласуваат или не се согласуваат со одреденото мислење на другата група. Доколку нивното размислување се совпаѓа, запишуваат плус, а доколку се разликува или не се согласуваат, запишуваат минус. Преку оваа метода се доаѓа до информации и заеднички заклучоци, без да се води дискусија со целиот клас. Процесот на ротирање продолжува с è додека секоја група добие можност да одговори на секое

поставено прашање и ротирањето завршува кога повторно ќе се стигне до првото прашање што го имале.

Активноста завршува со тоа што секоја група дава повратни информации и сумирање на целото одделение за дадените идеи и одговори за темата.

Како и кај другите методи, така и кај овој, на крајот се води рефлексија за стекнатите знаења и за доживувањето на учениците од целиот процес.

## Сложувалка

Сложувалката е интересна метода која ги спојува сите размислувања на учениците поврзани со контроверзното прашање. Секое мислење е почитувано и е дел од целиот концепт. На овој начин учениците го зајакнуваат чувството на припадност и се гледаат себеси како важен дел од групата. Доколку сакате да соберете што е можно повеќе информации за темава, сложувалката е погодна за примена.

**Примена:**

Сложувалката се спроведува едноставно, така што секој ученик индивидуално го проучува контроверзното прашање кое на почеток вие го поставувате, а потоа дава своја перспектива и предлага свои ставови. Следно, се работи во групи и се бара учениците да развијат специфичен број клучни аргументи, како поддршка на нивните ставови, и даваат предлог- решенија за прашањето. Сите одговори и ставови се спојуваат и се формира сложувалката. На крај, се води рефлексија и дискусија за тоа како течел целиот процес, дали се задоволни од содржината на сложувалката и дали има нешто со што не се согласуваат.

## Менување на перспективите

Техниката на деперсонализација е значајна и моќна алатка во надминувањето на предизвиците кога некој од учениците е лично инволвиран во контроверзната тема. Пример, ако се зборува за семејно насилство, а некој од учениците се соочува со истото, тоа може да биде болно искуство кое ќе предизвика силна емоционална реакција кај афектираното дете. За подготовка на часот потребно е добро да размислите за можноста темата или контроверзното прашање да биде дел од животот на некој присутен ученик.Од тие причини ќе треба да направите заштита, преку користење на методот 'Менување на перспективитѐ. Вашето познавање на групата ученици и сензитивноста на темата или прашањето се клучни во воведувањето на некое прашање. За да се намали ризикот од ненамерна навреда на личните чувства или да не дојде до отуѓување на учениците, треба да се постават дискусии за одредено прашање во општествена, наместо во лична смисла.

Целта на овој метод е да ги научи младите на техниката за деперсонализација, со што ќе ги зајакнат своите капацитети за разбирање на другите и ќе предизвика интеракција, во која никој нема да биде повреден. За овој метод добро е да се знае дека, иако е корисен во одредени ситуации, не е применлив во сите околности и не треба да се смета за апсолутно правило.

**Примена:**

Начинот на кој се спроведува е едноставен. Се поставуваат примери со лични прашања на контроверзна тема, а учениците треба да се обидат да ги трансформираат во општествени. На пр: „Што мислите за пушењето марихуана?" (Лично!) „Што мислат луѓето за пушење марихуана?"

(Општествено!) „Каков е вашиот став кон брачната заедница на истополови партнери?“ (Лично!) „Каков е ставот на општеството кон брачната заедница на истополови партнери?“ (Општествено!).

Овие перспективи може да ги запишете на табла или да ги ставите на видно место во училницата за полесно да биде воочлива разликата од страна на учениците. За секое прашање потребно е да отворите дискусија за искуството на учениците поврзано со темата. Прашајте ги за тоа искуство и за проблемите што ги предизвикало или во која ситуација прашањето може да претставува проблем. Важно е да знаат дека сте тука да ги заштитите и дека никој нема да биде повреден користејќи го методот на деперсонализација. Наједноставно е да работат во парови/двојки и да ги трансформираат поставените прашања кои потоа ќе ги презентираат пред групата. На крај, направете рефлексија, со дискусија за вредноста на деперсонализирањето на исказите во училницата, на пример, што мислат, кои се нивните предности и недостатоци, колку лесно се справуваат со деперсонализирањето, дали мислат дека е лесно применливо, во различни ситуации и сл. На крај, побарајте да рефлектираат како се чувствувале за време на активноста и каква промена таа предизвикала кај нив.

## Дистанцирање

Овој метод има за цел да помогне, преку техниката на дистанцирање, за полесно справување со некое поосетливо контроверзно прашање. Имено, чувствителните прашања може да предизвикаат силни емотивни реакции и многу е важно на кој начин ќе пристапите кон нивна обработка. Дистанцирањето е корисно, бидејќи приоѓа индиректно на проблемот, наместо директно, со силни импресии. За да се постигне ефектот, може да се примени историска, географска или имагинарна перспектива. Исто така, доколку учениците имаат веќе изграден систем со предрасуди за темата која ја обработувате, дистанцирањето ќе придонесе предрасудите да ги оставaт на страна и да станат поотворени за дискусија.

**Примена:**

За да го користите дистанцирањето потребно е однапред да подготвите приказна. Обидете се приказната да содржи две поделени страни за едно контроверзно прашање. Откако ќе ја прочитате приказната на учениците, поделете ги во улоги како застапувачи на една од страните. Потоа, отворете дискусија за тоа на кој начин да се реши дилемата од приказната. Оставете доволно простор да размислуваат, да дискутираат и да споделуваат сопствени аргументи за одбрана на својата улога. Откако ќе завршат со делот на дискусија, прашајте за тоа како ја доживеале техниката на дистанцирање и дали ваквиот пристап им помогнал да бидат поефикасни во аргументирањето, без разлика на нивните убедувања и ставови. Во рамки на рефлексијата, прашајте за чувстават кои се појавиле и дали истите биле доживеани како да се упатени кон нив лично.

## Предавање за контроверзни прашања преку приказни

Сличен на методот со дистанирање е методот за предавање за контроверзни прашања преку приказни. Една од главите предности во обработката на приказните е што овозможуваат целосно да се обработи прашањето, доколку приказната е наменски креирана и ги содржи елементите на контроверзната тема, но исто така, тие се секогаш и добро прифатени од учениците, занимливи се и опфаќаат повеќе различни интереси и перспективи. Доколку сте во можност, користете ги приказните и како метафора за некоја контроверзна тема која е тешко да се објасни или да се воведе за дискусија. Повторно ќе напоменеме дека еден од важните

делови на часот со контроверзна тема е рефлексијата, преку која ќе го видите влијанието врз учениците, но и ќе се осигурате дека сите ќе го завршат часот понесувајќи ја со себе главната порака: да ги развиваме компетенциите за демократска култура.

## Чевлите на другите луѓе

Еден од помоќните методи за да се види перспективата на другите луѓе е токму овој. Иако бара кратка подготовка пред започнување на часот, сепак е едноставен за примена и занимлив за учениците. Најчесто учениците на помала возраст имаат тенденција да ја препознаваат или да ја застапуваат само едната страна од приказната, па со оваа техника ќе им помогнете да го прошират своето гледиште и да ги видат алтернативите. Контроверзните прашања често се повеќедимензионални. Доколку ги воведете во темата користејќи го методот „чевлите на другите луѓе", ќе им помогнете на децата и на младите да ги идентификуваат и да ги ценат алтернативните гледишта од низа перспективи.

**Приемена:**

За подготовка на часот направете „стапала" од листови хартија, за секој ученик, и неколку дополнителни. Определете го конторверзното прашање и потоа, на доплнителните „стапала" напишете неколку различни одговори на прашањето, по можност оние кои мислите дека учесниците веројатно нема да ги изразат - не повеќе од две или три реченици. За почеток на активноста, поставете по едно „стапало" до секое од столчињата наредени во круг. Секој ученик потребно е да напише по 2 или 3 реченици на своето „стапало", како одговор на контроверзното прашање. Потоа земете ги ливчињата, измешајте ги и поставете ги свртени надолу на подот во средината на училницата – додавајќи ги и картичките што сте ги подготвиле порано. Следна фаза е секој ученик да земе една картичка, да ги прочита запишаните реченици на глас, а останатите да се позиционираат блиску до него доколку на нивниот лист има слични мислења. Откако сите слични ќе застанат еден до друг, следен ученик ги чита одговорите и се повторува истата постапка. На крај во училницата ќе бидат блиску оние на чии „стапала" има слични тврдења, а оддалечени оние кај кои тврдењата се различни. Откако ќе се вратат на своите места, водете кратка дискусија за искуството кое го имале во овој процес.

# Дел 3
# Наставни планови

## Поглавје 9
## Примери од добри практики на реализирани часови со контроверзно прашање

Во продолжение се наведени неколку примери од подготовка на час кои ги креираа наставници од средни и основни училишта во Република Северна Македонија. Нивниот пример може да послужи како добра практика. Подготовката и реализацијата на секој од овие наставни планови е внимателно избран и изработен, а придобивката најмногу ја имаа учениците. Секој од овие часови во својата реализација предизвика висок интерес кај учениците кои беа поттикнати на интерактивност и потоа ги градеа сите оние компетенции кои погоре во прирачникот беа обработени. За наставниците овој процес значеше позитивно искуство кое им даде насока и охрабрување и во иднина да ги применуваат стратегиите и методите за подучување за контроверзни прашања.

### ПРИМЕРИ ОД ДОБРИ ПРАКТИКИ ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

### МОМЧИЊАТА И ДЕВОЈЧИЊАТА МОЖЕ ДА БИДАТ ПОДЕДНАКВО УСПЕШНИ ВО ЛИДЕРСКАТА ФУНКЦИЈА

**Наставник:** Ванчо Љатковски

**Училиште:** ООУ„Вера Циривири Трена“- Скопје

**Наставен предмет:** Македонски јазик

**Одделение:** VIII

**Тема од наставна програма:** Обработка на задолжителна лектира

**Наставна единица:** „СПОМЕНКА“ - Горјан Петревски

**Избор на метода/стратегија:** играње улоги и метод на дебата

**Време:** 1 наставен час (40 минути)

**Цели на часот**

- Усно изразување со примена на македонскиот литературен јазик;
- Истражување на различни перспективи за прашањата на ривалството меѓу децата и родовата еднаквост;
- Развивање вештини за дискусија;
- Развивање капацитети на учениците да драматизираат;

- Развивање вештини за водење конструктивна дебата, со искажување ставови и давање аргументи и противаргументи;
- Развивање вештини за слушање;
- Поттикнување комуникација и соработка;
- Развивање вештини за критичко мислење и расудување (анализа и проценување).

## ПРВА ГРУПА – ФАЗИ НА ЧАСОТ

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ** (3 минути)

1. Наставникот ја започнува активноста со потсетување на учениците за нивната задача од претходниот час, да се подготват за играње улоги на тема: 'Групирање меѓу децата и искажување ривалство' што се наметна како прашање при обработката на романот „Споменка".
2. Се резимира заклучокот од претходниот час дека ова прашање е доста актуелно и во секојдневниот живот, и дека на часот ќе има можност, преку играње улоги, успешно да бидат презентирани добрите и лошите страни на ривалството.
3. Се поставува воведното прашање:
Дали подготовката на играњето улоги ви помогна да го промените вашето мислење во врска со ривалството меѓу децата? Доколку „да", која е промената?

**РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА ЗА УЧЕЊЕ И ПОДУЧУВАЊЕ** – играње улоги (16 - 18 минути)

1. На учениците им се најавува дека може да почнат да ги играат улогите, во дискусија, на темата според насоките дадени од претходниот час. Улогата на наставникот е да ја води дискусијата и да ја зазема позицијата „адвокат на ѓаволот", односно да заговара став спротивен на учениците и меѓу учениците да настојува да обезбеди почит кон ставовите на другите;
2. Секој ученик има 2 минути за да ја одигра својата улога;
3. Наставникот и дава задача на другата група да ја следат драматизацијата и им најавува дека, по завршување на драматизација, и тие ќе може да се вклучат во дискусијата;
4. Секој ученик ја игра својата улога преку искажување на своите ставови за темата.

**ДИСКУСИЈА/РЕФЛЕКСИЈА** (10 минути)

Прашања за учесниците во играњето на улоги:

1. Што научивте од оваа активност?
2. Како се чувствувавте при играњето улоги?
3. Дали ви беше тешко да се ставите во улога во која однесување е различно од вашето?
4. Дали играњето улоги ви помогна подобро да го разберете прашањето околу ривалството?
5. Зошто луѓето имаат различни мислења на одредена тема?
6. Што мислите, дали оваа активност беше корисна за вас и дали може позитивно да влијае на однесувањето со вашите соученици?
7. Кои предности има учењето преку играње улоги?

## ВТОРА ГРУПА – ФАЗИ НА ЧАСОТ

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ** (5 минути)

1. Наставникот ги потсетува учениците на нивната задача да ја истражуваат темата за родовата еднаквост помеѓу мажите и жените-порано и денес.
2. На учениците им се поставуваат следниве воведни прашања:
   - Што откривте за темата родова еднаквост?
   - До какви информации дојдовте?
   - Што велат истражувачите по ова прашање?
   - Дали и денес жените и мажите се навистина еднакви во домот/семејството, на работните места, вклученост во политичкиот живот?
   - Што мислите, кои се причините за разликите во улогите што постојат меѓу девојчињата/жените и момчињата/мажите?
3. На учениците им се најавува дека ќе се води дебата помеѓу двете групи и дека, за подготовка на дебатата, може да го користат работниот лист.

**РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА ЗА УЧЕЊЕ И ПОДУЧУВАЊЕ** – водење дебата (15 минути)

1. На учениците им се чита следнава изјава.

   Мажите/момчињата и жените/девојчињата може да бидат подеднакво успешни во лидерската функција (во училиште, семејство, на работни места);
2. Од двете групи се бара да развијат аргументи ЗА и ПРОТИВ во врска со тоа дека девојчињата/жените може да бидат подеднакво успешни во лидерска функција како и мажите.
3. Двете групи имаат 5 минути време да се подготват со свои аргументи (најмалку 3 аргументи ЗА и ПРОТИВ). Секоја група избира по еден лидер/говорник.
4. На членовите од групата кои учествуваа во играњето улоги им се дава задача да ја следат дебатата помеѓу двете групи и им се соопштува дека, по завршување на дебатата, ќе треба да го дадат своето мислење во врска со аргументите кои ги понудија двете групи.
5. Наставникот бара од групите да одберат која со која страна сака да учествува во дебатата. Во наредни 10 минути се изведува дебатата помеѓу двајца избрани лидери/говорници од двете групи.
   - Прво лидерот од групата што избрала да учествува во дебата со ЗА аргументи, во време од 2 минути, ги кажува своите аргументи, а потоа другиот лидер од другата група, во истото време, ги презентира своите ПРОТИВаргументи.
   - Потоа на групите им се дава дополнително 2 минути да подготват противаргументи.
   - Двајцата лидери, во рамки на 1 минута, ги презентираат своите противаргументи.
6. На крај, групата ученици кои ја следат дебатата, даваат свое мислење во врска со тоа која група понудила подобри и поубедливи аргументи.

**ДИСКУСИЈА/РЕФЛЕКСИЈА** (10 минути)

1. Што научивте од оваа активност?
2. Зошто жените се дискриминирани во поглед на преземање лидерски позиции?
3. Зошто е важно подеднаквото развивање на потенцијалите на машките и женските и нивниот придонес во развојот на модерните општества?
4. Дали ви беше тешко во подготовката на ЗА и ПРОТИВ аргументите? Што ви беше најтешко?
5. Дали имаше различни мислења и ставови во групата при подготовката на аргументите? Дали се почитуваше сечие мислење?
6. Што може да направиме да се промовира родовата еднаквост во нашата средина?
7. Кои предности ги има учењето преку дебати?

**Прилог: РАБОТЕН ЛИСТ ЗА УЧЕНИЦИ ЗА ВОДЕЊЕ ДЕБАТА**

**Насоки за дебата**

1. Ваша задача е да го прочитате текстот и да подготвите аргументи ЗА и ПРОТИВ во врска со тоа дека девојчињата/жените може да бидат подеднакво успешни во лидерската функција како и мажите.
2. Имате време од 5 минути да подготвите свои аргументи (најмалку по 3 аргументи ЗА и ПРОТИВ);
3. Изберете лидер/говорник на групата кој ќе учествува во дебатата со лидерот од другата група;
4. Прво едниот лидер, во време од 2 минути, ги кажува своите аргументи, а потоа другиот лидер.
5. По презентација на аргументите од страна на лидерите, групите, во време од 2 минути, добиваат време да подготват противаргументи.
6. Двајцата лидери, во рамки на 1 минута, ги презентираат своите противаргументи.

**Текст за читање**

*Во светот на работата и пазарот на трудот, како и во секојдневниот живот, жените сѐ уште се жртви на значителна дискриминација. Во однос на платата, напредувањето во кариерата, проценките, па дури и шансите за вработување - жените сѐ уште, и покрај постигнатиот напредок во некои области, имаат помали шанси од мажите.*

*И покрај тоа што на жените им отпаѓа приближно половина од работната сила во светот, бројот на жените е многу мал на позициите на извршни директори и лидери.*

*Според податок од 1 јануари 2019 година, во голема компанија во Соединетите држави на Америка имало само 73 жени во улоги на извршен директор, од вкупно 500, а во 2018 година само 24 жени (4,8%) биле извршни директори - лидери.*

*На глобално ниво се проценува дека само 24% од жените имаат високи раководни улоги.*

*Во периодот помеѓу 2007 и 2017 година, економската родова разлика е намалена само за 3% и ќе требаат 118 години за целосно да се изедначи разликата.*

*ОВА Е ИСТО ИНТЕРЕСЕН ПОДАТОК*

*„Само 20 жени, во споредба со 572 мажи, имаат освоено Нобелова награда за физика, хемија или медицина, во периодот 1901-2019 год. откако Марија Кири, како прва жена, ја освои оваа награда за физика во 1903 год..*

*Денес, само 28% од сите истражувачи во светот се жени и само 35% од сите запишани студенти на факултетите за природни и технички науки се жени.*

*Според УНЕСКО ниту една земја не смее да си дозволи да се губат талентите на половина од нејзината популација, без разлика на тоа какви ставови преовладуваат кон жените.*

## РЕШАВАЊЕ ЕТИЧКИ ДИЛЕМИ

**Наставник:** Љупка Христова

**Училиште:** ООУ „Јоаким Крчоски“ Волково

**Предмет:** Граѓанско образование

**Одделение:** IX

**Тема:** Етичност, вредност, хуманост – Дискусија и дебата

**Избор на метода/стратегија:** размислување во парови и споделување дебата

**Време:** 2 наставни часа (80 минути)

**Наставни цели:**

- Да се разбере значењето и важноста на личните вредности, етичноста, интегритетот.
- Да се разбере важноста за чесноста во своите намери и мотиви кон другите.
- Да се препознае етичко и неетичко однесување и да се размислува за последиците од нечесно и неетичкото однесување.
- Развивање вештини за водење конструктивна дискусија/дебата со издржани аргументи.

**Компетенции за демократска култура:**

- Вреднување на човечкото достоинство и човековите права;
- Граѓанска свест;
- Одговорност;
- Почит;
- Вештини за соработка;
- Вештини за слушање;
- Јазични, комуникативни вештини;
- Вештини за аналитичко и критичко размислување;
- Емпатија.

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ** (10 мин)

1. Учениците се делат на двојки/парови и од нив се бара да разговараат за тоа што би направиле во случај на следново сценарио:

> Бојан има договорено да игра на кошот пред зграда со неговиот другар Дарко, кој не е многу омилен во одделението. На излегување од дома се среќава со тројца други негови соученици, кои се едни од најомилените во одделението, кои му предлагаат да им се придружи да играат фудбал во училишниот двор. Бојан многу повеќе сака да игра фудбал со неговите соученици, но знае дека тие не сакаат да играат со Дарко, со кој веќе има договорено да игра кош пред зградата.

2. Од учениците се бара во нивните двојки/парови да разговараат „што би направиле во ваква ситуација на етичка дилема, како би ја разрешиле и зошто така би постапиле.“
3. По неколку минути, побарајте од учениците да ги споделат своите размислувања. Поставете им ги следниве прашања:
   - ▷ Дали ви беше лесно или тешко да донесете одлука за разрешување на дилемата?
   - ▷ Зошто ви беше лесно или тешко?
4. Потоа прочитајте некоја од следниве изјави. По секоја изјава поведете дискусија за тоа што мислат учениците дека е правилно да се направи во таква ситуација и зошто мислат така?.

Што би направиле ако ...

- ▷ Го видите вашиот најдобар другар како краде чоколадо во продавница...
- ▷ Најдете паричник на земја на улица...
- ▷ Сакате да купите нова игра за која родителите не ви дозволуваат, а вие немате доволно пари. Наоѓате пари на подот кои и испаднале на мајка ви...
- ▷ Гледате како вашиот другар насилно се однесува кон ученик од другото одделение...
- ▷ Вашиот најдобар другар бара да препишува на тестот по математика .....
- ▷ Вашиот другар бара од вас да го прекинете пријателството со Кети, затоа што чудно се однесува..

5. По дискусијата за изјавите, се резимира за фактот дека учениците кои секогаш ја прават вистинската работа имаат високи морални и етички вредности и интегритет. Важно е да се нагласи дека секогаш треба да се постапува според етичките принципи и да се однесуваат со интегритет и чесност/искреност кога станува збор за изневерување, лажење, насилно однесување или кое било друго неморално и неетичко однесување.

## **РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА ЗА УЧЕЊЕ И ПОДУЧУВАЊЕ** (25 мин)

1. На учениците им се најавува дека ќе се води дебата на тема ‘контроверзно прашањè „Воведување етички кодекс, наспроти контрола и казнување“.
2. На учениците им се објаснува методологијата на дебатата.
3. Учениците се делат во 4 групи. Две групи ќе бидат застапници на аргументи ЗА воведување етички кодекс, а другите две групи ќе бидат противници на нивните ставови, со тоа што ќе застапуваат спротивни аргументи со преферирање контрола и казнување за градење на високи и етички вредности и интегритет.
4. Од учениците се бара во своите групи да разговараат и да подготват аргументи ЗА и ПРОТИВ контроверзното прашање.
5. Учениците имаат(15 минути) време да ги подготват аргументите ЗА и ПРОТИВ.
6. Откако учениците ќе ги подготват своите аргументи, може да се започне со дебатата.
7. Во првиот круг се одвива дебата помеѓу првите две групи – од кои една е таа која се согласува со изјавата и друга е таа која е противник на изјавата, а потоа имаат настап на дебата останатите две групи, на ист начин.

8. Првите две групи треба да застанат една спроти друга. Прво едната група ги презентира своите аргументи ЗА, а потоа другата група ги презентира ПРОТИВ аргументите. Останатите групи ја следат дебатата. Се остава дебатата да се одвива 10 до 15 минути каде што и двете групи ги бранат своите аргументи и даваат противаргументи. Доколку се забележи дека меѓу учесниците се исцрпени аргументите, тогаш дебатата може да се прекине и порано.
9. Наставникот го прекинува првиот круг на дебатата во момент кога изгледа најпогодно и од групите бара да ги споделат своите коментари и размислувања како група за одвивањето на дебатата.
10. Потоа се одвива дебатата меѓу останатите две групи, на ист начин.
11. Наставникот води белешки во текот на двата круга на дебати и може да им постави прашања на учесниците во текот на дебатата.

**ДИСКУСИЈА/РЕФЛЕКСИЈА** (5 мин)

1. Што е новото што го научивте од оваа активност?
2. Што подразбирате под високи морални и етички вредности и интегритет?
3. Зошто е важно луѓето да се однесуваат етички? Што би се случило доколку е поинаку?
4. Зошто изневерувањето, мамењето, лажењето е погрешно? Кои се последиците од таквото однесување?
5. Колку ви беше лесно/тешко во подготовката на аргументите во дебатата?
6. Дали имаше различни мислења и ставови во подготовката на аргументите? Дали се почитуваше сечие мислење?
7. Кои беа најсилните аргументи во дебатата и објаснете зошто?
8. Дали искуството во дебатата ги промени или ги зајакна вашите ставови за темата? Објаснете.
9. Што може да се направи во училиштето за подобрување на етичкото и моралното однесување на учениците.

**ПРЕДЛОГ 1 ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА АКТИВНОСТА: КОДЕКС НА ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ ЗА УЧИЛИШТЕТО** (Втор час)

1. Оваа активност е одлична можност за учениците да создадат Кодекс на однесување за училиштето.
2. Побарајте од учениците да работат во групи и секоја група да предложи 2-3 правила што ќе обезбедат интегритет, чесност и етичко однесување во училницата.
3. Тие можат да ги користат претходните активностите за инспирација.
4. Доколку на учениците им е потребна дополнителна помош при креирање Кодекс за етичко однесување, може да им ги дадете следниве примери на можни правила:
(Тие може да ги приспособат за нивното одделение, според нивните потреби).

▷ Моите училишни достигнувања ќе бидат резултат на моите напори.

- ▷ За време на групна работа, ќе соработувам, ќе ја почитувам и ќе ја признавам работата на другите ученици.
- ▷ Нема да препишувам од моите соученици.
- ▷ Ако ги користам идеите од некој друг, секогаш ќе спомнам дека тоа сум го направил/а и ќе им оддадам признае на туѓите идеи.
- ▷ Нема да ја претставувам туѓата работа како моја.
- ▷ Нема да ги читам материјалите и записите на мојот наставник, без нивна дозвола.
- ▷ Нема да го фалсификувам потписот на моите родители.
- ▷ Нема да објавувам што не е вистина, ниту ќе ширам лажни информации.
- ▷ Ако сум одговорен за какво било недолично однесување, ќе го признаам и ќе се извинам.
- ▷ Ќе се однесувам со почитување кон моите соученици и наставници: ќе слушам кога зборуваат, ќе бидам точен, ќе го чекам мојот ред на зборување и нема да ги прекинувам другите, и ќе ги почитувам идеите, мислите, ставовите и мислењата на другите луѓе.
- ▷ Ќе се однесувам со почитување кон животната средина: нема да фрлам отпад, нема да трошам прекумерно вода, електрична енергија или други ресурси и ќе придонесувам за одржување чистотата и уредност во училницата и училиштето.

**ПРЕДЛОГ 2 ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА АКТИВНОСТА – СЦЕНАРИЈА ЗА ИНТЕГРИТЕТ**

1. Учениците се делат во групи со по пет члена. На секоја група и се дава комплет од картички со 5 сценарија за етичка вредност, интегритет и чесност. Побарајте од секое дете да избере една картичка и да ја прочита пред својата група.
2. На учениците им се објаснува дека секој комплет на картички се однесува околу едно сценарио, и на секоја картичка е прикажан еден лик од сценариото.
3. На учениците им се објаснува дека во секоја група, секој ученик треба индивидуално да го претстави ликот наведен на картичката што ја избрал и да даде одговори врз основа на она што тој мисли, како тој лик би размислувал и што би направил.
4. Учениицте имаат 5 минути време да размислат како би постапиле.
5. Побарајте од учениците во своите групи да разговараат за следниве точки:
   - ▷ Што мислите, што ќе се случи следно?
   - ▷ Што мислите, што ќе направи вашиот лик?
   - ▷ Кои ќе бидат последиците од она што секој лик ќе прави?
   - ▷ Како ќе се чувствува секој лик? Како ќе се чувствуваат другите луѓе во групата?
   - ▷ Што мислите дека би била етичка одлука за ова сценарио?
   - ▷ Која би била неетичка одлука? Зошто?
6. Побарајте од секоја група да ги претстави своите сценарија и одговори пред целото одделение.
7. Направете рефлексија со целото одделение.

- Зошто изневерувањето е погрешно?
- Како се чувствувате кога дознавате дека некој од вашите другари се однесувал неетички кон вас (нпр. изневерување, мамење, лажење)?
- Зошто е важно да имаме интегритет, етичност и чесност и секогаш да ги правиме вистинските работи?

**Прилог: РАБОТЕН ЛИСТ - СЦЕНАРИЈА ЗА ИНТЕГРИТЕТ**

**Ана**

Долго време вежбаше и се подготвуваше за тестот по математика. Еден ден пред тестот, твојот другар Марко ти кажува дека земал една копија од тестот по математика од оние кои наставникот ги заборавил на катедрата. Марко е твојот најдобар другар.

**Марко**

Часот по математика завршува и сите заминуваат на одмор. На катедрата на наставникот ги здогледуваш тестовите по математика, кои наставникот ги заборавил. Тестот е закажан за утре. Недоволно вежбаше и не си подготвен за тестот. Гледаш дека си сам во училницата и дека никој не те гледа.

**Наставник по математика**

Копиите од тестот по математика што ќе се одржи утре со учениците се подготвени и испечатени. По половина час, сфаќате дека ви останале во училницата на вашата катедра. Се враќате назад во училницата и ги наоѓате копиите како што сте ги оставиле на катедрата. Загрижени сте дека можеби некој од учениците ги видел, но не сте сигурни. За да се направи нов тест ви е потребно многу време.

**Даниел**

Ти си му другар на Марко. Тој често те задева и знае да ти зема работи од твојот прибор, без да те праша. Дознаваш дека има копија од тестот по математика. Ти не си добро подготвен за тестот.

**Нина, ученичка од соседното одделение**

На поминување покрај училницата со отворена врата, забележувате дека Марко зема еден примерок од тестот по математика што наставникот ги заборавил на катедрата. Знаете дека тестот по математика е закажан за утре, а математиката му е слаба страна на Марко. Ви се допаѓа Марко. Не го сакате наставникот по математика, затоа што сметате дека е арогантен и не е секогаш пријателски расположен со учениците.

## ФЕР И ЕДНАКОВ ЖИВОТ НА МОМЧИЊАТА И ДЕВОЈЧИЊАТА

**Наставник:** Јасмина Стојановска

**Училиште:** ООУ „Јоаким Крчоски“ Волково

**Предмет:** Одделенски час

**Одделение:** VII

**Тема:** Фер и еднаков живот на момчињата и девојчињата

**Избор на метода/стратегија:** бура на идеи, континуум на ставови и играње улоги

**Време:** 2 наставни часа (80 минути)

### Наставни цели:

- Да може да препознае присуство на родови стереотипи и предрасуди,
- Да знае дека постојат и да ги проценува прифатените норми и традиции,
- Да се разбере концептот за родова еднаквост,
- Да умее активно да се спротивстави на родовите стереотипите и предрасудите во секојдневието,
- Да учествува во дискусија и дебата,
- Да ги почитува различните мислења на другите.

### Компетенции на демократска култура

- Вреднување на културната разновидност;
- Вреднување на демократија, еднаквост и праведност;
- Отвореност кон други култури и уверувања;
- Почит;
- Вештини за соработка;
- Вештини за слушање и набљудување;
- Јазични, комуникативни вештини;
- Вештини за критичко размислување;
- Емпатија.

## ПРВ ЧАС

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. На учениците им се најавува дека денешната тема е „Фер и еднаков живот на момчињата и девојчињата“.
2. Наставникот црта на табла два квадрати, еден до друг, и над секој ги пишува следниве наслови:
   „Тоа се работи што ги прават момчињата“ „Тоа се работи што ги прават девојчињата“



3. На учениците прво им се поставува прашањето: „Кои работи се оние што се очекува да ги прават момчињата?“, а потоа се поставува прашањето „Кои работи се оние што се очекува да ги прават девојчињата?“.
4. Наставникот ги пишува одговорите на учениците во квадратите.
5. Откако учениците ќе наведат по неколку примери, им се поставуваат следниве прашања:
   - ▷ Дали е точно дека работите што ги наведовте важат само за момчињата или само за девојчињата?
   - ▷ Што мислите, зошто луѓето знаат да кажат: „Овие работи се за момчиња“ или „Овие работи се за девојчиња“?
   - ▷ Од каде доаѓаат таквите идеи за машки и женски улоги? Како и каде ние ги учиме овие машки и женски улоги?

   **По потреба може да се објаснат родовите улоги:** Од рана возраст имаме јасна претстава за родовите улоги кои вклучуваат она што ни се допаѓа, однесување и избори што се поврзани со улогите на машки или женски лица. Потоа се усогласуваме со тие улоги и се идентификуваме со нив. Овие идеи доаѓаат од нашите семејства, медиумите или од она што го гледаме во нашата околина. Тие испраќаат пораки за различно однесување на машки и женски деца и поттикнуваат прифаќање на традиционалните и социјалните норми.

   - ▷ Какви се најчесто коментарите за момчињата, кога прават нешто што е спротивно од тоа што е наведено во првиот квадрат?
   - ▷ Какви се коментарите за девојчињата, кога нивното однесување не се совпаѓа со наведените работи во вториот квадрат?
   - ▷ Како ги нарекуваме сфаќањата за карактеристиките и особините кои ги припишуваме на припадници на одделни социјални групи?
   - ▷ Дали може некој да каже што се стереотипи и предрасуди?

     Наставникот ја кажува следната дефиниција, за да се разбере што се стереотипи:

     **Стереотип** е идеја или слика што луѓето може да ја имаат за група луѓе, врз основа на тоа како тие изгледаат однадвор. Стереотипизирањето на луѓето е погрешно,

затоа што надворешниот изглед е само мал дел од личноста. Понекогаш, тоа што мислите за група луѓе, може да биде точно само за некој од нив, но не и да се каже дека тоа важи за СИТЕ. Тогаш станува збор за стереотип. Пример за стереотип е: Тинејџерите се мрзливи. Иако е точно дека има тинејџери кои не се многу вредни (исто како и луѓето од друга возраст), повеќето тинејџери се активни и продуктивни.

**Родови стереотипи** се претходно замислени идеи според кои на жените и мажите им се доделуваат произволно карактеристики и улоги определени според нивниот пол.

**Родови предрасуди** се негативна пресуда или мислење за другите, којашто е формирана врз недоволна основа или стереотипи. Предрасудите се учат и може да се надминат.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА ЗА УЧЕЊЕ И ПОДУЧУВАЊЕ

1. Наставникот ги воведува учениците во активноста „Каде ќе застанете?“
2. Се поставува замислена линија во училницата, како скала од 1 до 10 - едниот крај е означен со 1,што значи: ЦЕЛОСНО НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ, а другиот е означен со 10, што подразбира: ЦЕЛОСНО СЕ СОГЛАСУВАМ.
3. Се читаат неколку ставови во врска со темата и на учениците им се дава време да размислат и да заземат позиција.
   **Предлог листа на ставови:**
   - Момчињата треба да носат облека со сина и зелена боја, а девојчињата со црвена и розова боја.
   - Најдобро е децата, без разлика на полот, да имаат подеднаква можност да играат со „машки играчки“(возови, автомобили со далечински управувачи, суперхерои) и „женски играчки“ (мечиња, кукли, принцези, домаќински апарати).
   - Момчињата не треба да помагаат во домашните работи (готвење, чистење).
   - Девојчињата имаат помала веројатност да бидат успешни во научно истражувачки и математички задачи и професии од природните и техничките науки.
   - Многу е поважно момчињата да се насочуваат да бидат лидери во своите професии, отколку девојчињата.
   - Девојчињата имаат исти можности да бидат подеднакво добри во областа на компјутери, видеоигри и роботика, како и момчињата.
   - Девојчињата може да ги прават истите работи, што ги прават и момчињата.
   - Најдобра работа за секого е онаа што одговара на неговите вештини, способности и лични квалитети.
4. Учениците заземат позиција и се прашуваат зошто ја зазеле таа позиција.
5. Потоа, учениците од другата страна се прашуваат да дадат нивно објаснување.
6. По дискусијата за секој став, учениците се прашуваат дали сакаат да ја променат позицијата.
7. На крај, се води дискусија за прашањата за кои имаше консензус и за прашањата за кои имаше поголема поделеност меѓу учениците.

## ДИСКУСИЈА/РЕФЛЕКСИЈА

Наставникот ги поставува следните прашања:

1. Дали традиционалните улоги може негативно да влијаат во развојот на животите на момчињата и девојчињата? Зошто?
2. Што мислите, дали има фер и еднаков живот меѓу момчињата и девојчињата во вашата средина (семејството, училиштето, пошироката заедница)?
3. Дали може да кажете примери на позитивни модели на родова еднаквост – кога некој постапувал спротивно од очекуваните традиционални женски или машки улоги (родови улоги)?
4. Дали знаете некого којшто се спротивставил на личноста поради тоа што бил родово стереотипизиран од негова страна?
5. Какви заклучоци имате околу темата за родова еднаквост?
6. На учениците им се најавува дека на наредниот час ќе имаат можност да играат улоги во кои ќе вежбаат како да се спротивставуваат на родови стереотипи.

## ВТОР ЧАС

## ВТОРА АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДУЧУВАЊЕ – ИГРАЊЕ НА УЛОГИ НА РОДОВО СТЕРЕОТИПИЗИРАЊЕ (ПРОДОЛЖУВАЊЕ ОД ПРЕТХОДНИОТ ЧАС)

1. На учениците им се најавува дека продолжуваат со активноста од претходниот час.
2. Учениците се делат во четири групи. Секоја група добива работен лист со дадени сценарија со ситуации на родови стереотипи и насоки за работа во кои се дадени прашања и задачата на учениците. Учениците треба да изнајдат начин како да се спротивстават на родовото стереотипизирање и потоа да го драматизираат преку играње улоги.
3. Наставникот ги насочува учениците внимателно да го прочитаат сценариото, во групата да ја продискутираат содржината на сценариото и да одговорат на поставените прашања.
4. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во давањето идеи во своите групи, се поттикнуваат меѓусебно да комуницираат и да се надополнуваат.
5. Работата на учениците се следи и по потреба им се даваат дополнителни објаснувања за подготовката на играњето улоги.
6. Откако групата заеднички ќе се усогласи, се делат улогите и се вежба играњето улоги.
7. Секоја група го одигрува своето сценарио за време од 2 минути.
8. Останатите групи се во улога на публика и внимателно го следат играњето на улогите.
9. По секоја драматизација, сите активно учествуваат во дискусијата. Пред сè групата што учествува во драматизацијата дава коментари, а потоа од другите групи се бара да даваат коментари.

## ДИСКУСИЈА/РЕФЛЕКСИЈА

1. Што мислите за активноста - играње улоги? Што научивте ново во оваа активност?

2. Какво е вашето мислење за ситуациите на кои работевте? Дали има такви примери на ситуации што се случуваат во вашето училиште?
3. Како се чувствувате при играњето на улогите?
4. Дали играњето улоги кај вас предизвика некои чувства за кои бевте изненадени?
5. Дали активноста ве натера да гледате на родовата еднаквост на поинаков начин од порано?
6. Дали ви беше тешко да изнајдете начин да се спротивставите на ситуациите на родови стереотипи?
7. Дали активноста ви помогна во иднина полесно да се справите со родови стереотипи и да им помагате на другите?
8. Што мислите дали може да направите промени во насока на намалување на родова еднаквост во вашата средина?
9. Што треба да прави училиштето за постигнување родова еднаквост?

**Прилог: РАБОТЕН ЛИСТ**

**ГРУПА 1 - Сценарио – Стереотип дека девојчињата се задолжени за извршување домаќински работи**

**„Марија работи на завршување на проектната задача што треба да ја предаде наредниот ден. Вообичаено, од Марија се очекува да ја подготви и да ја расчисти масата за време на семејните ручеци или вечери. Нејзините постари браќа, најчесто одбиваат да се вклучат во ваквите обврски и сметаат дека тоа треба Марија да го прави, затоа што е девојче. Истото мислење го има и татко и', кој знае да каже дека тоа е добро за неа, како подготовка да стане добра домаќинка. По ова, кога од Марија беше побарано да ја расчисти кујната после вечерата, многу се вознемири и реши да протестира, затоа што и беше поважно да продолжи да работи на проектната задача."**

Прочитајте го сценариото и обидете се во група да одговорите на поставените прашања:

1. Дали имало некаква слична ситуација во вашето семејство, или имате такви примери на семејства на ваши блиски роднини или пријатели кои очекуваат девојчињата да ги завршуваат домашните обврски, а нивните браќа се ослободени?
2. Замислете дека сте Марија: што би сакале да им кажете на вашите браќа, што на вашиот татко?
3. Размислете кои би биле аргументите на браќата и татко и на Марија?
4. Дали се согласувате со текстот во член 1 од Универзалната декларација за човекови права?
5. Дали овој случај е во согласност со текстот од наведениот член.
6. „Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и права".

Обидете се да ја довршете дадената сцена со тоа што на ликовите со родово стереотипизираното однесување ќе им се спротивставите.

Имате 10 минути да ја подготвите драматизацијата според сценариото и да ја одглумите завршната сцена.

Секоја група има 2 минути за играње улоги.

По секоја драматизација се води дискусија.

**ГРУПА 2 - Сценарио – Стереотипи при избор на идни занимања и професии**

**Пред одделенскиот час, на кој ќе се разговара за идни занимања, Горјан вели дека, откако знае за себе, отсекогаш сакал да стане адвокат. Дедо му бил адвокат, а и татко му е адвокат.**

**Игор се надоврзува на тоа и вели дека тоа не значи дека тој мора да биде возач, затоа што татко му е возач на шлепер, кој по цели денови е по автопатиштата.**

**Сашо кажува дека сè уште нема идеја што сака да биде, ама со сигурност знае дека сака да оди на факултет.**

**На крај остана Зоран. Тој, по навалување на другите, кажа дека сака да биде фризер и да има свој салон. Сите одеднаш му се нафрлија со коментари: Тоа е женско занимање! Ти знаеш што се зборува за машки фризери! Ти играш многу добро фудбал со нас – едноставно не може да станеш фризер! Оставаме на тебе! Но, само биди свесен што може другите да мислат за тебе.**

1. Прочитајте го сценариото и обидете се во група да одговорите на поставениве прашања:
2. Дали имало слични ситуации во училиштето или надвор од училиштето во кои кај момчињата или девојчињата има стереотипни ставови околу изборот на идната професија.
3. Замислете дека сте Зоран: што би им кажале на вашите соученици и како би се спротивставиле?
4. Размислете, кои би биле аргументите на соучениците на Зоран?
5. Дали се согласувате со текстот во член 1 од Универзалната декларација за човекови права?
6. Дали овој случај е во согласност со текстот од наведениот член.

   „Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и права“.

Обидете се да ја доврשете дадената сцена со тоа што на ликовите со родово стереотипизираното однесување ќе им се спротивставите.

Имате 10 минути да ја подготвите драматизацијата, според сценариото, и да ја одглумите завршната сцена.

Секоја група има 2 минути за играње улоги. По секоја драматизација се води дискусија.

## ПРИМЕРИ ОД ДОБРИ ПРАКТИКИ ВО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

### ВОВЕДУВАЊЕ СМРТНА КАЗНА

**Наставник:** Сузана Димитриевска

**Училиште:** СУГС „Георги Димитров“ - Скопје

**Наставен предмет:** Историја

**Клас:** IV година

**Тема:** Воведување смртна казна - Процесот во Нирнберг

**Избор на користење метода/стратегија:** Бура на идеи, метода на дебата со движење, анализа на текст

**Време:** 1 наставен час (45 минути)

**Подготовка:** Претходно запознавање на учениците со начинот на дебата и дискусија. Учениците претходно се запознаваат со темата што ќе се обработува, за да имаат можност да се подготват преку самостојно истражување.

**Наставни цели:**

- Воочување, анализирање и извлекување карактеристики на правниот систем во Р. С. Македонија;
- Подобрување на вештините за разговор и изразување при искажување на свое мислење или ставови;
- Развивање вештини за дискусија;
- Развивање вештини за водење конструктивна дебата со искажување ставови и давање аргументи и против аргументи;
- Конструирање аргументи кои поддржуваат одредена гледна точка;
- Анализирање на сопствената улога и позиција во современото училиште;
- Согледување на разликата помеѓу различни/спротивставени гледишта на контроверзна тема;
- Поттикнување дискусија за контроверзно прашање и охрабрување на учениците да ги слушаат мислењата на другите и да развиваат вештини за расудување.

**Компетенции за демократска култура:**

- Вештини за аналитичко и критичко размислување;
- Вештини за слушање и набљудување;
- Вештини за соработка;
- Знаење и критичко разбирање на светот;

- Вештини за критичко размислување;
- Градење ставови за граѓанска свест;
- Поттикнување комуникација.

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

Наставникот го започнува часот со поттикнување, преку бура на идеи, учениците да ги искажат своите предзнаења за законската регулатива. Активноста се одвива преку следниве прашања:

- Какви казни постојат?
- Што значи грижа на совест?
- На кое ниво се моралните вредности во општеството?

Потоа наставникот ги запишува најпознатите термини поврзани со морал:

- Морален чин
- Морален суд
- Морална санкција

Се води куса дискусија за увид во препознавањето на термините од страна на учениците.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА ЗА УЧЕЊЕ И ПОДУЧУВАЊЕ

Реализацијата на активноста се одвива преку дебата:

- Во оваа дебата на учениците треба да им биде дозволено да застанат на неутрално место и да не заземаат став за некое прашање.
- Наставникот подготвува изјави според кои ќе се води дебата.

Се подготвуваат 3 големи знаци:

СЕ СОГЛАСУВАМ, НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ, НЕ СУМ СИГУРЕН

- Знаците „Се согласувам" и „Не се согласувам" се ставаат на спротивните краеви на училницата, додека знакот „Не сум сигурен" се става во средина, како по замислена линија;
- Се чита една од изјавите за дискусија и од учениците се бара да застанат најблиску до знакот што го рефлектира нивното мислење на темата:
- Злосторство против мирот;
- Злосторство против човештвото;
- Воено злосторство.

Се чита дел од пресудите во Нирнберг

- На учениците им се дава одредено време да размислат и им се нагласува дека е во ред да останат во средина, да ја слушнат дебатата и потоа да се придвижат откако ќе го формираат своето мислење.
- Кога учениците ќе заземат позиција, се замолуваат да кажат зошто ја зазеле таа позиција.

- Се поттикнува дијалог / дебата меѓу учениците, за да се убедат оние што не го делат истото мислење, да ја сменат страната.
- Изјава за поттикнување различни одговори. На секој ученик треба да му се даде можност да го искаже својот став во врска со темата 'Воведување смртна казна'.

### Завршна активност

Се читаат и се анализираат пресудите во Нирнберг

## ДИСКУСИЈА/РЕФЛЕКСИЈА

На крај се прави рефлексија на активноста. Предлог-прашања за рефлексија:

- Дали на крајот од активноста кај учениците има промена во ставовите, односно дали ставовите им се исти како на почетокот?
- Дали преку активноста научија нешто ново и дали ги проширија своите знаења за Смртна казна?
- Дали и колку сметаат дека оваа активност беше корисна за нив?
- Што беше најизненадувачко / интересно / корисно за вас?
- Што мислите, колку е важна оваа тема за младите во државава?
- Што би направиле вие да сте во позиција да одлучувате?

## ПОСЕТАТА НА ПСИХОЛОГ ТРЕБА ДА БИДЕ ВООБИЧАЕНА ПРАКТИКА ВО СЕКОЈ РАЗВОЕН ПЕРИОД НА ЧОВЕКОТ

**Наставник:** Светлана Аспровска Тодоровиќ

**Училиште:** СУГС „Георги Димитров" - Скопје

**Наставен предмет:** Класен час

**Клас:** III година

**Тема:** Посетата на психолог треба да биде вообичаена практика во секој развоен период на човекот

**Избор на метода/стратегија:** ротирање на бури на идеи

**Време:** 1 наставен час (45 минути)

**Цели на часот:**

- Вреднување на менталната хигиена на личноста, како предуслов за ефикасно лично и социјално функционирање;
- Развивање став и отвореност кон различните карактеристики на другите личности и нивните погледи на свет;
- Одговорност за сопствените постапки и ефект од сопственото однесување врз другите во околината;
- Самоефикасност при разрешување дилеми кај себе и кај другите;
- Толерантност и емпатија во социјалната комуникација
- Согледување на важноста од развиените вештини за решавање конфликти;
- Знаење и критичко разбирање на себе си.

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ** (8 минути)

Добредојде на часот

- Запознавање со учениците и активностите што ќе бидат реализирани.

Најава на контроверзната тема и целите што ќе се обработат за време на часот.

- КРАТОК ВОВЕД во темата;
- Колку е застапена, во нашава средина, посетата на психолог?
- Дали сите знаат кога и зошто се посетува психолог...кој сè треба да посети и кој посетува психолог?
- Поставување на контроверзното прашање: Посетата на психолог треба да биде вообичаена практика во секој развоен период на човекот

**РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА ЗА УЧЕЊЕ И ПОДУЧУВАЊЕ** - ротирање на бури на идеи (27 минути)

Ротирањето на 'бури на идеи' е метода за справување со контроверзни прашања која им дава можност на учениците да генерираат размислувања, одговори и заеднички заклучоци на одредена тема. Учениците работат во различни мали групи и добиваат инструкции да ротираат, со работа на различни клупи на кои се поставени листови со прашања. Во согласност со просторните можности, активноста може да се реализира и со преместување на листот од група до група. Во малите групи се стимулира дискусија помеѓу учениците и тие даваат идеи и предлози во врска со важноста на посетата на психолог.

1. Лист 1 - Причини за посета на психолог;
2. Лист 2 - Ефекти од посетата на психолог;
3. Лист 3 - Што можат поединците да направат со цел да ја промовираат или да ја подигнат свесноста на другите за значењето на посетата на психолог;
4. Лист 4 - Што може општеството (локалната заедница, младинските групи, бизнис-секторот, училиштата и сл.) да прават во врска со промовирањето на важноста на посетата на психолог за зачувување на менталното здравје?
5. Лист 5 - Што може да стори владата во врска со промовирањето на посетата на психолог?

Секоја група дискутира и пишува свои мислења и заклучоци на работниот лист, со една боја на фломастер, за да се разликува од другите групи, а ги штиклира записите на другите групи на листот со кои се согласува.

**ДИСКУСИЈА/РЕФЛЕКСИЈА** (10 минути)

**Заклучоци и научени лекции**

- Секоја група чита по еден лист и ги презентира својот и заклучоците на другите групи со тоа што посебно се задржува на ставовите или на забелешките за кои имаат различни мислења. Наставникот поттикнува дискусија, со тоа што се разгледуваат различните аргументи.
- За заедничките ставови се изведува заклучок а за отворените тврдења или прашања се даваат насоки каде да се побараат информациите ( пр. како е вметнат психолог во образовните системи во други земји, и сл.)

**Евалуација на часот**

- Предвидената активност овозможува да се активираат учениците, индивидуално и како дел од поголема група, да го споредат сопствениот став со ставовите на другите и со ставот на мнозинството, и да го ревидираат.
- Реализирањето на предвидените цели зависи од динамиката на дискусијата.

## ВОВЕДУВАЊЕ СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

**Наставник:** Милена Симоска

**Училиште:** СУГС „Георги Димитров" - Скопје

**Наставен предмет:** Педагогија

**Клас:** III година

**Тема:** Воведување сексуално образование во училиштето

**Избор на метода/стратегија:** Бура на идеи, метода на дебата со движење, видео презентација

**Време:** 1 наставен час (45 минути)

**Подготовка:** Претходно запознавање на учениците со начинот на дебата и со дискусијата. Учениците претходно се запознаваат со темата што ќе се обработува, за да имаат можност да се подготват преку самостојно истражување.

**Наставни цели:**

- Воочување и анализирање на карактеристиките на образованието и воспитанието во Р. С. Македонија;
- Подобрување на вештините за разговор и за изразување при искажување свое мислење или ставови;
- Развивање вештини за дискусија;
- Развивање вештини за водење конструктивна дебата, со искажување ставови и давање аргументи и противаргументи;
- Конструирање аргументи кои поддржуваат одредена гледна точка;
- Анализирање на сопствената улога и позиција во современото училиште;
- Согледување на разликата помеѓу различни/спротивставени гледишта на контроверзна тема;
- Поттикнување дискусија за контроверзно прашање и охрабрување на учениците да ги слушаат мислењата на другите и да развиваат вештини за расудување.

**Компетенции за демократска култура:**

- Вештини за аналитичко и критичко размислување;
- Вештини за слушање и набљудување;
- Вештини за соработка;
- Знаење и критичко разбирање на светот;
- Вештини за критичко размислување;
- Градење ставови за граѓанска свест;
- Поттикнување комуникација.

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

Наставникот го започнува часот со поттикнување преку 'бура на идеи' учениците да ги искажат своите предзнаења за сексуалното образование. Активноста се одвива преку следниве прашања:

- Што е сексуално образование?
- Дали треба да се воведе како задолжителен предмет?
- Дали младите имаа недостаток на знаења за овој вид образование?
- На што не учи овој вид образование?

Потоа наставникот ги запишува најпознатите термини поврзани со сексуалното образование:

- Сексуално и репродуктивно здравје;
- Род;
- Врски;
- Различност.

Се води куса дискусија за увид во препознавањето на термините од страна на учениците.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА ЗА УЧЕЊЕ И ПОДУЧУВАЊЕ

Реализацијата на активноста се одвива преку дебата:

- Во оваа дебата на учениците треба да им биде дозволено да застанат на неутрално место и да не заземаат став за некое прашање.
- Наставникот подготвува изјави според кои ќе се води дебата.

  Се подготвуваат 3 големи знаци:

  СЕ СОГЛАСУВАМ, НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ, НЕ СУМ СИГУРЕН
- Знаците „Се согласувам" и „Не се согласувам" се ставаат на спротивните краеви на училницата, додека знакот „Не сум сигурен" се става во средина, како по замислена линија;
- Се чита една од изјавите за дискусија и од учениците се бара да застанат најблиску до знакот што го рефлектира нивното мислење за темата:
  - Сексуалното образование ќе го замени домашното воспитување?
  - Сексуалното образование ги учи децата да бидат хомосексуалци?
  - Немавме сексуално образование во училиште, па еве ништо не ни фали!
  - Соседните земји немаат сексуално образование во училиштето, зошто ние да имаме ?
  - Сексуалното образование влијае за подигнување на свеста кај младите!
- На учениците им се дава одредено време да размислат и им се нагласува дека е во ред да останат во средина, да ја слушнат дебатата и потоа да се придвижат, откако ќе го формираат нивното мислење.
- Кога учениците ќе заземат позиција, се замолуваат да кажат зошто ја зазеле таа позиција.
- Се поттикнува дијалог / дебата меѓу учениците, за да се убедат оние што не го делат своето мислење да ја сменат страната.

- Изјава за поттикнување различни одговори. На секој ученик треба да му се даде можност да го искаже својот став (позитивен или негативен) за сеопфатно сексуално образование!

### Завршна активност

Наставникот пушта видео во коешто млади личности ги искажуваат ставовите и размислувањата, говорат за зголемување и унапредување на родовата еднаквост, инклузивност и толеранција, како и за превенција од сексуално вознемирување и насилство.

Линк: https://www.youtube.com/watch?list=PLyvB-Mt0Q1nGZhxVNLj1qS1tAb8_l4ABG&v=xSk19nyTDUE

## ДИСКУСИЈА/РЕФЛЕКСИЈА

На крај се прави рефлексија на активноста. Предлог-прашања:

- Дали на крајот од активноста има промена во ставовите, односно дали се исти како на почетокот ?
- Дали преку активноста научија нешто ново и ги проширија своите знаења за сексуалното воспитание?
- Дали и колку сметаат дека оваа активност беше корисна за нив ?
- Што беше најизненадувачко/интересно/корисно за вас?
- Што мислите, колку е важна оваа тема за младите во државава?
- Што би направиле вие да сте во позиција да одлучувате?

## НЕВРАБОТЕНОСТ НА МЛАДИТЕ

**Наставник:** Лидија Стојчева

**Училиште:** СУГС „Раде Јовчевкси - Корчагин", Скопје

**Предмет:** Економија

**Клас:** Четврта година

**Тема:** Невработеност и инфлација - Младите имаат одлични услови за работа во земјава

**Избор на метода/стратегија:** ротирање на 'бура на идеи' и дебата

**Време:** 2 наставни часа (90 минути)

**Цели:**

- Разбирање на суштината на поимот невработеност и истражување на причините за невработеноста;
- Развивање вештини за дискусија;
- Развивање вештини за водење конструктивна дебата, со искажување ставови и давање аргументи и противаргументи;
- Конструирање аргументи кои поддржуваат одредена гледна точка;
- Проценување клучни аргументи во дебатата;
- Согледување на разликата помеѓу различни/спротивставени гледишта на контроверзна тема;
- Примена на економскиот начин на размислување за реален економски проблем;
- Компетенции за демократска култура: Одговорност; Вештини за соработка; Вештини за слушање и набљудување; Вештини за критичко размислување; Поттикнување комуникација.

## ПРВ ЧАС ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

**Предлог прашања:**

- Што подразбираме под поимот невработеност?
- Кои се причините за невработеноста?
- Каква е стапката на невработеност во Македонија?
- Каква е врската помеѓу невработеноста и економскиот развој?
- Што мислите за законската регулатива околу вработувањето?
- Каква е вашата перцепција околу работната сила во Македонија?
- Дали владата презема мерки за намалување на невработеноста?
- Што мислите за тоа што поголем дел од младите образувани кадри се заминуваат во странство?

**РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДУЧУВАЊЕ**

1. Учениците се делат во пет групи.
2. Секоја група добива посебен лист хартија на кој е поставено различно прашање на тема 'невработеност' и тоа е напишано на горниот дел од листот. Листовите се поставуваат на клупи, а групите се движат во правец на движење на стрелките на часовникот за да може да се вклучат во давање одговори на сите прашања (на пр. Групата 1 почнува со прашањето на клупата 1, и понатаму ќе продолжи со прашањето на клупата 2, 3, 4, 5, Групата 2 почнува со прашањето на клупата 2 и продолжува на клупата 3, 4, 5, 1 и така натаму).
3. Секоја група добива маркер со различна боја, за да се овозможи препознавање на одговорите на секоја група.
4. За да се сумира темата – невработеност и инфлација, со посебен акцент на младинска невработеност, на листовите се поставуваат следниве прашања:
   - Лист 1 – Кои се причините за иселување на младите од државава?
   - Лист 2 – Кои се последиците од напуштањето на државава?
   - Лист 3 - Што можат да направат поединци за да се спречи иселувањето на младите?
   - Лист 4 - Што може општеството (локалната заедница, младинските групи, бизнис-секторот, училиштата и сл.) да направат во врска со иселувањето на младите?
   - Лист 5 - Што може да стори владата во врска со подобрувањето на условите за работа?
5. Учениците работат во своите групи во временски рок (3 – 5 минути) и ги запишуваат своите одговори и мислење за првичното прашање.
6. По определеното време, учениците ротираат на друга клупа, од каде дискутираат на друго прашање.
7. Секоја група ги чита одговорите на претходната група и дискутира дали се согласуваат или не се согласуваат. Ако се согласуваат, тоа го означуваат со знак за одобрување. Ако не се согласуваат, даваат свое образложение и објаснување и го пишуваат.
8. Потоа учениците ги запишуваат своите размислувања за даденото прашање. Учениците може да постават прашања за работи кои ги напишала претходната група.
9. Процесот на ротирање продолжува с è додека секоја група не добие можност да одговори на секое поставено прашање и не дојде до своето првобитно прашање.
10. Активноста завршува со тоа што секоја група дава повратни информации и сумирање на целиот клас за дадените идеи и одговори за темата.
11. На крај се прави рефлексија за активноста. Предлог-прашањата се:
    - Што научивте?
    - Што беше најизненадувачко / интересно / корисно за вас?
    - Што мислите колку е важна оваа тема за економскиот животот во државава?
    - Што би направиле вие да сте во позиција да одлучувате?
    - Што е најважно за да можеме да донесуваме информирани одлуки за работите во економскиот живот?
12. На учениците им се најавува дека наредниот час ќе се води дебата на тема „Мотивирање на младите да останат во својата земја и да отпочнат сопствен бизнис“ и да се потсетат

кои се основни правила на дебатата, разбирање на поимите„аргумент и противаргумент“. Учениците се насочуваат да истражат за успешни и неуспешни прикazни на претприемачи од нашата земја и за предности и ризици од започнување сопствен бизнис.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДУЧУВАЊЕ НА ВТОР ЧАС - ДЕБАТА

1. Учениците се делат во пет групи и секоја група добива Работен лист 1 во кој е дадено сценариото за дебатата и се бара да го прочитаат. Сценариото се однесува на постојните стратегии за вработување во нашата земја кои го опфаќаат прашањето за остварување на повисоки стапки на економски раст за значително намалување на невработеноста и подобрување на животниот стандард.
2. Се најавува тема на дебатата „Мотивирање на младите да останат во својата земја и да отпочнат сопствен бизнис“.
3. На учениците им се објаснува дека четирите групи ќе бидат во улога на учесници во дебатата.
   - Првите две групи имаат задача да се подготват за дебатата на која треба да ја застапуваат/бранат темата дека младите треба да се мотивираат да останат во земјата и да отпочнат свој бизнис. Треба да подготват аргументи ЗА, како една од можните стратешки решенија за невработеноста.
   - Другите две групи застапуваат теза дека не се согласуваат со понуденото можно решение за невработеноста. Тие треба да подготват аргументи ПРОТИВ за тоа дека младите треба да се мотивираат да останат во својата земја и да отпочнат свој бизнис.
4. Петата група ја имаат улогата на модератори во дебатата. Нивна задача е да се подготват за водење дебата. Модераторите подготвуваат по 3-4 прашања за секоја страна на групите – за тие што се согласуваат за темата и за тие што не се согласуваат.
5. Претходно училницата се подготвува за водење дебата. Во средина на училницата се мести клупата за модераторите кои ќе ја водат дебата, заедно со поддршка на професорот, додека од левата страна се двете групи кои се согласуваат со темата, а од десната страна двете групи кои не се согласуваат со темата.
6. На учениците им се делат Работните листови 2, 3 и 4, според поделбата на улогите и задачите во рамки на сите 5 групи, и им се даваат насоки да ги прочитаат насоките за дебатата;
7. Учениците имаат 15 минути време да работат на подготовката за дебата. Во подготовката на дебатата го користат искуството од дискусијата на претходниот час и сознанијата што ги направиле од пребарувањето на интернет, како подготовка на дебатата.
   - Секоја екипа ќе има 3 минути да ги каже аргументите (претходно секоја група избира лидер/говорник кој ги презентира аргументите;
   - Другите две групи имаат време од 5 минути да се подготват за дискусија со 2–3 противаргументи (говорот не смее да биде подолг од 2 минути);
   - Лидерите на групите даваат одбрана на изнесените противаргументи;
8. По завршената подготовка, учениците ја изведуваат дебатата според насоките дадени во работните листови.

## ДИСКУСИЈА /РЕФЛЕКСИЈА

1. Колку ви беше лесна/тешка задачата?
2. Дали сите подеднакво учествувавте во групите?
3. Дали постоеја различни мислења и ставови во групата и дали се почитуваше сечие мислење?
4. Кој беше најсилниот аргумент предложен од групите кои се согласуваа со темата? Објаснете зошто мислите дека тоа е нивниот најсилен аргумент.
5. Кој беше најсилниот аргумент предложен од групите кои не се согласуваа со темата?
6. Објаснете зошто мислите дека тоа е нивниот најсилен аргумент.
7. Дали искуството во дебатата ги промени или ги зајакна вашите ставови за темата? Објаснете.
8. Објаснете го вашиот личен став за темата, кој не мора да биде став што го аргументиравте за време на дебатата.
9. Кои вештини успеавте да ги продлабочите преку вашето учество во дебатата?

## Прилог: РАБОТЕН ЛИСТ 1 – СЦЕНАРИО ЗА ДЕБАТА

Во основа на 'Националната стратегија за вработување на Република Македонија за 2016-2020 година' и 'Националната стратегија за млади, 2016-2025 година' една од приоритетните цели е остварувањето повисоки стапки на економски раст за значително намалување на невработеноста и подобрување на животниот стандард.

Во однос на официјалните државни податоци, невработеноста кај младите во Македонија е околу 47%, а младите луѓе ја напуштаат земјата поради неможност да најдат работни места кои одговараат на нивниот профил. Со други зборови, младите се во ризик од сиромаштија и социјална исклученост, а тоа ги нарушува нивните основни човекови права.

Како кандидат за членство во Европската унија, земјава треба да ги следи европските модели за намалување на невработеноста кај младите, што е точно објаснето во Националната стратегијата за вработување за 2016-2020 година.

Државата презема разни мерки за вработување на младите, но очекуваните резултати сѐ уште не се целосно постигнати.

Имплементацијата на стратегијата се одвива со поддршка на повеќе меѓународни организации.

Во врска со актуелноста на темата, подготвена е дебата на тема „Мотивирање на младите да останат во својата земја и да отпочнат сопствен бизнис".

Темата произлезе од стратешкиот документ за општествено вклучување на младите невработени како дел на проектот „Создавање можности за вработување за младите" финансиран од Европската Унија (2017 г.).

Стратегијата ги содржи следниве елементи:

**Визија** - „Нашава држава е со целосна вработеност на младите"

**Мисија** - Создавање услови за зголемување на вработеноста на младите во државата, подобрување на животниот стандард и нивно останување на родните огништа.

**Цели на стратегијата**

- „Намалување на стапката на невработеност кај младите во државава“ и
- „Создавање генерации со повисок животен стандард кои ќе останат во државата“.

**Прилог: РАБОТЕН ЛИСТ 2 – НАСОКИ ЗА ДЕБАТАТА ЗА ГРУПИТЕ КОИ СЕ СОГЛАСУВААТ СО ТЕМАТА**

**Насоки за дебатата**:

Вашата улога е да учествувате во дебата на тема **„Мотивирање на младите да останат во својата земја и да отпочнат сопствен бизнис“.**

Вашата теза е дека младите треба да се мотивираат да останат во земјата и да отпочнат свој бизнис. Вие треба да подготвите аргументи ЗА како едно од можните стратешки решенија за невработеноста.

- Имате 15 минути време да подготвите аргументи (најмалку 5 аргументи).
- Изберете лидер/говорник кој ќе ја застапува вашата група на состанокот. Имате 3 минути време да ги искажете вашите аргументи.
- По презентацијата на аргументите, од сите лидери на групите, имате 5 минути да подготвите противаргументи (2-3 противаргументи) за групите кои имаат спротивно гледање на стратегијата.
- Имате време по 1 минута да ги презентирате вашите противаргументи.

**Прилог: РАБОТЕН ЛИСТ 3 – НАСОКИ ЗА ДЕБАТАТА ЗА ГРУПИТЕ КОИ НЕ СЕ СОГЛАСУВААТ СО ТЕМАТА**

**Насоки за дебатата:**

Вашата улога е да учествувате во дебата на тема **„Мотивирање на младите да останат во својата земја и да отпочнат сопствен бизнис“.**

Вашата теза е дека не се согласувате со понуденото можно решение за невработеноста. Вие треба да подготвите аргументи ПРОТИВ за тоа дека младите треба да се мотивираат да останат во својата земја и да отпочнат свој бизнис.

- Имате 15 минути време да подготвите аргументи (најмалку 5 аргументи).
- Изберете лидер/говорник кој ќе ја застапува вашата група во дебатата. Имате 3 минути време да ги искажете вашите аргументи.
- По презентацијата имате време по 1 минута да ги презентирате вашите противаргументи.
- Од сите лидери на групите, имате 5 минути време да подготвите противаргументи (2-3 противаргументи) за групите кои имаат спротивно гледање на темата.
- Имате по 1 минута да ги презентирате вашите противаргументи.

**Прилог: РАБОТЕН ЛИСТ 4 – НАСОКИ ЗА ГРУПАТА МОДЕРАТОРИ НА ДЕБАТАТА, СО ПОДДРШКА НА НАСТАВНИКОТ**

**Насоки за модерирање на дебатата**

Ваша улога е да ја модерирате дебатата на тема **„Мотивирање на младите да останат во својата земја и да отпочнат сопствен бизнис“.**

Ваша задача е да се подготвите за дебатата и за улогата што ви е доделена како модератор, во траење од 15 минути. Треба да подготвите по 3-4 прашања за групите кои се согласуваат и групите кои не се согласуваат за темата на дебатата, како можно решение на невработеноста.

Дебатата треба да ја водите според следниов тек:

1. Презентација на аргументите од страна на претставниците на сите 4 групи. Прво настапуваат двете групи кои се согласуваат со темата, а потоа двете групи кои не се согласуваат со темата. По настапот на секоја група се води дискусија/дебата по понудените аргументи, а од другите две групи се бара да подготват противаргументи во врска со темата.
   - Секоја група има 3 минути за презентација на 5 аргументи.
   - Другите две групи имаат време од 5 минути да подготват противаргументи (2-3) за групите кои имаат спротивно гледање на стратегијата.
   - Лидерите даваат одбрана на изнесените противаргументи.
2. Ваша улога при настапот на групите е да водите сметка за почитувањето на предвиденото време.

По настапите на групите, вашата улога е да поставувате прашања.

# Заклучок

Почитувани наставници,

Овој прирачник е изработен за вас со голема посветеност да ви послужи во подучувањето за контроверзни прашања во рамки на наставата. Како што беше спомнато во повеќе наврати, тоа е од клучна важност во градењето на компетенциите за демократска култура кај учениците. Долготрајниот белег кој овој пристап ќе го остави кај нив, ќе им овозможи да бидат подобри луѓе за себе и за околината и да водат поквалитетен живот. Насоките со кои тука се запознавте се само почеток кој ќе ве води во дополнително истражување и усовршување во полето на контроверзните теми. Иако се голем предизвик за обработка, контроверзиите секојдневно се присутни во животот на младите и од особено значење е да им се посвети посебно време за правилно да се научат да го креираат своето размислување и своите ставови во врска со иститe. Една од најголемите придобивки е што учениците го учат процесот, а не само содржината што е опфатена. Со тоа ќе бидат подготвени да се справат во најразлични ситуации кои животот ќе им ги донесе.

Во Прирачников беа обработени повеќе теоретски содржини, но за поголема подготвеност ви препорачуваме да го поминете и Дигиталниот курс за настава за контроверзни прашања, кој може да го најдете на онлајн академијата на Институтот за човекови права (https://ihracademy.org.mk/).

# Користена литература

Совет на Европа (2015). ПРЕДАВАЊЕ НА КОНТРОВЕРЗНИ ПРАШАЊА Живеење со контроверзност, Предавање на контроверзни прашања преку едукација за демократско граѓанство и човекови права (ОДГ / ОЧП) Пакет за обука на наставници. Врска

Совет на Европа (2017). УПРАВУВАЊЕ СО КОНТРОВЕРЗИИ: РАЗВОЈ НА СТРАТЕГИЈА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КОНТРОВЕРЗИИ И ПРЕДАВАЊЕ НА КОНТРОВЕРЗНИ ПРАШАЊА ВО УЧИЛИШТАТА, Алатка за размислување за директорите и раководителите во училиштата. Врска

Совет на Европа (2020). УЧЕЊЕ КАКО ДА СЕ СПРАВИТЕ СО КОНТРОВЕРЗНИТЕ ПРАШАЊА ВО УЧИЛИШТАТА И ДРУГИТЕ ОБРАЗОВНИ СРЕДИНИ, Водич со добри практики. Врска *(овој водич е достапен само на англиски)*

Совет на Европа (2018). РЕФЕРЕНТА РАМКА НА КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ДЕМОКРАТСКА КУЛТУРА. Дел 1: Контекст, концепти и модел. Врска

Совет на Европа (2018). РЕФЕРЕНТА РАМКА НА КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ДЕМОКРАТСКА КУЛТУРА. Дел 2: Дескриптори на компетенции за демократска култура. Врска

Совет на Европа (2018). РЕФЕРЕНТА РАМКА НА КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ДЕМОКРАТСКА КУЛТУРА. Дел 3: Насоки за имплементација. Врска

Овој прирачник е базиран на искуствата од проектот „Контроверзни прашања во училишната програма - развивање ефективни практики и пристапи во наставата и учењето“, финансиран од Европската Унија и Советот на Европа, а имплементиран од Институтот за човекови права (ИЧП). Искуствата произлегоа од обуките за настава за контроверзни прашања, успешно пилотирани со наставници од четири различни училишта, и од реализираните практични активности со учениците, со примена на методи и стратегии што промовираат отворен и достоен дијалог.




Институт за човекови права

MKD

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа има 47 држави членки, вклучувајќи ги сите членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**https://europa.eu**

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE